**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од првото продолжение на Триесет и седмата седница**
**на Собранието на Република Македонија,**
**одржана на15 март 2000 година**

Седницата се одржа во просториите на Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 12.10 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Саво Климовски, претседател на Собранието.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дами и господа пратеници, продолжуваме со работа по Триесет и седмата седница на Собранието.

Пратениците Латиф Пајковски, Радомир Карангелески, Амди Бајрам и Владо Сугаревски, ме известија дека од оправдани причини, не се во можност да присуствуваат на седницата.

Ве молам, притиснете на едно од копчињата на системот за гласање, да го утврдиме бројот на присутните во салата.

Во салата присуствуваат 79 пратеници.

Според тоа, констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и Собранието може полноважно да одлучува.

Дами и господа пратеници, продолжуваме најнапред со претрес по предлогот за именување заменици на министрите во Владата на Република Македонија.

Ве молам, по оваа точка, за збор се јавија господата Алити Абдурахман, тој не е присутен, Наќе Стојановски, не е присутен и господинот Илјаз Сабриу.

Дали е присутен? (Присутен е).

Има збор г. Илјаз Сабриу.

**ИЛЈАЗ САБРИУ:**

Почитуван претседателе, почитуван премиере, почитувани дами и господа пратеници.

Се пријавив за дискусија на минатата седница на Собранието, предизвикан од дискусијата на еден мој колега, односно на пратеникот Лазар Китановски, од која дискусија, мислам дека требаше да се очекува една таква реакција и со право, мислам дека ние како пратеници, треба да кажеме нешто, во врска со таа негова дискусија.

Прво, пратеникот Китановски кога на дневниот ред за избор на заменици на министри, оправдано беше во делот кога на сите други пратеници, кога кажуваа дека не е присутен предлагачот на тие заменици, односно премиерот, како предлагач, бидејќи замениците по Уставот, треба да биде присутен предлагачот на самата седница, а мислам дека тој чин е недопустлив, бидејќи кога се предлагаат заменици, редно е премиерот да биде присутен, впрочем денеска тоа и го оствариме, односно денеска е присутен премиерот и веројатно, ќе ги слуша сите наши излагања и после, наше е да гласаме, за или против.

Второ, мислам дека господинот дискутант, кажа дека, по мене, една многу тешка квалификација, кога ги повика македонските пратеници и патриоти, да не гласаат за овој состав на заменици министри, со оглед на тоа, дека тука има еден заменик министер, кој се предлага за внатрешни работи, господинот Рефет Елмази, бидејќи бил осудуван, за така наречената афера за оружје во Република Македонија.

Кога сме кај оваа афера, морам да кажам дека и оваа афера, како и многу други афери, беше конструкција, исто како и аферата "сина птица".

Како член на Влада, односно на тогашната Влада на господинот Црвенковски, ние се судривме со овие две афери, односно, прво беше "сина птица", а после излезе аферата за оружје, односно паравојска кај Албанците.

По мене, не би сакал да навлезам во аферата "сина птица", тоа не ме интересира, но мислам дека никој не одговараше за таа афера, не би сакал ни ја оправдувам ни да ја осудувам таа афера "сина птица", но мислам дека аферата за оружје, односно паравојската, мислам дека од едни добронамерни одбори за одбрана на Македонија, одбори на месни заедници за одбрана на Република Македонија, со знаење на сите врвни функционери, во тогашното време, кога знаеме дека при повлекување на ЈНА, ние сите се согласивме да ја зголемиме будноста во месните заедници, во градовите, во селата и да формираме одбори за одбрана на нашите огништа.

Мислам дека тоа е суштината и срштa на оваа афера, а тој процес траеше година до две, дури се повлече ЈНА, се осамостои Македонија, стана независна држава и по извесен период, кога веќе не беа потребни тие одбори за одбрана, некому веројатно, му одговараше, да каже дека тоа е некоја паравојска, дека таму се припремало за рушење на државата и т.н.

Во прв план, тоа требаше да спласне или да се понижи, односно да се изгуби кредибилитетот на Партијата за демократски просперитет, како партија, еве се занимава со такви дела, со герилски работи, со герилска војна, за пред светската јавност да падне авторитетот на нашата партија и впрочем, така и заврши тоа судење на тие 7-8 души, а од тие 7-8 души, колку што јас знам, господинот што се спомнува воопшто не бил, но по вториот и третиот круг, се притвораат тие луѓе, а во тој круг беше и тој 2-3 години во затвор.

Мислам дека не би требало, при ваков избор на заменици да извлекуваме некои работи од историјата, кога не треба да гласаме, како опозиција можеме да кажеме многу, некому да му налепиме такви етикети, кои навистина не држат, но во најмала рака е некоректно.

Со оглед на тоа што господинот Елмази и досега беше заменик министер на Министерството за народна одбрана и со многу успех ја обавуваше својата работа, многу одговорно ја вршеше таа функција и мислам дека не би требало да се доведе во прашање неговиот избор за заменик министер за внатрешни работи, бидејќи, не сакам да навлегувам подлабоко, треба да се ослободиме ние од некои стари наши сфаќања, дека луѓето кои биле осудувани за вакви или такви, во тој период, дејствија дека треба да го имаат тоа ембарго цел живот. И претходните дискутанти кажаа, дека луѓе поминале по 20-30 години на "Голи Оток", па ги рехабилитиравме, бидејќи се утврди дека тие се жртви на нивните поинакви размислувања, пред еден комунистички систем.

Тоа што се однесува за ова прашање во врска со забелешката, бидејќи е на листата господинот Елмази, јавно ќе изнесам дека јас ќе гласам за оваа листа на заменици министри, впрочем предизвикан и од дискусијата на господинот Китановски, дека ако сакаме да градиме демократска држава, мораме да прифатиме, дека тие луѓе се предлагаат од тие партии, кои ги предлагаат. Не можеме ние да се повикуваме на една многу опасна работа, да ги повикаме само македонските пратеници да не гласаат, бидејќи со неговиот избор ќе пропадне Македонија. Јас напротив мислам дека со неговиот избор, нема да пропадне Македонија, туку ќе се зајакне Република Македонија, впрочем тој човек што бил осудуван, ќе има прилика да добие дополнителни информации, каков бил тој процес, што било со таа афера и т.н. Мислам дека Македонија може да пропадне само од вакви повици, впрочем какви што ги имавме завчера, да се поделиме на национална основа. Мислам дека тоа е многу опасна работа, немојте на таа карта да играме и мислам дека господинот нема право да каже дека тој нема друга татковина, бидејќи алудира дека некој друг има друга татковина. Јас тврдам и овде јавно кажувам дека немам друга татковина, освен Република Македонија. Никој нема право помалку или повеќе да ја чува или да ја држи за себе оваа Република, а ние Албанците, дека имаме друга држава. Јас знам, дека господинот алудира на Албанија, како национална држава на Албанците. Јас ништо немам заедничко со таа држава. Моја држава е оваа. Мојот татко, мојот дедо сите се родени во оваа држава. Ние сме тука.

Ве молам, ваквите изјави се многу опасни и можат да ја дестабилизираат Македонија, впрочем, во овие многу опасни мигови, во кој се движиме сега. Ве молам, да се чуваме сега, ако сме на некој начин со идеи, таквите идеи да не ги изговараме, да не не слуша цела македонска јавност, па и пошироко, бидејќи мислам дека тие се многу опасни повици, по безбедноста и по сигурноста на Република Македонија, а тоа значи безбедноста и сигурноста наша, на нашите деца, на нашите фамилии, на нашиот народ.

Мислам дека тоа беше основна причина, што ме натера да се јавам за дискусија. Воопшто не можам да прифатам дека некој оваа држава ја смета само своја, а ние Албанците сме гости тука и треба да си одиме. Таква е таа идеа изречена во овој Парламент. Таа е крајно опасна и крајно ризична изјава и дискусија во овој Парламент.

Не сакам да должам, веројатно мојата дискусија ќе предизвика и реакции, а јас сум спремен до крај да расчистиме некои работи, за навистина, еднаш за секогаш во меѓунационалните односи, да не чепкаме, да не фрламе камења, да се обидуваме да живееме, како што не создала природата. Ние не сме виновни, така сакала природата, така сакал господ, да живееме заедно Македонци, Албанци, Турци, Срби, Роми и сите кои сме се родиле во оваа држава, во оваа наша држава, ние ќе ја браниме, ќе ја чуваме, ќе ја градиме, со сите наши сили и можности.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Илјаз Сабриу за учеството во расправата.

За збор се јави господинот пратеник Чедомир Краљевски.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитуван премиере, почитувани членови на Влада, почитувани колеги пратеници, би сакал да реагирам на одделни мислења, искажани во рамките на расправата за избор на заменици министри од минатата седница.

Имено, одделни предлози, поточно кадровското решение, за ресорот на Внатрешни работи, од страна на опозицијата беше искористено од собраниската говорница да бидат искажани многу тешки оценки, за безбедносната состојба во државата, полни со ксенофобија, албанофобија, дефетизам и безизлезност, а се во функција на политички маркетинг.

На потребата од политички маркетинг ВМРО-ДПМНЕ гледа со разбирање и тоа е нешто, што е составен дел на парламентарниот живот и демократијата. Но, од особено значење е да се знае границата што може да се смета за политичка борба, а што во маркетиншката забрефтаност, директно, негативно да се одрази, врз националните и државни интереси.

Имено, токму тоа се случи на минатата седница. Речиси, истовремено со отпочнувањето на преговорите со Европската Унија, опозицијата му порача на светот, дека во оваа земја ништо не функционира, дека институциите на системот, дефакто ги нема, дека располагаат со документи за дејствување на разни странски воени формации, дека дел од пратениците на ова Собрание не се свесни за својата одговорност и т.н., со што, според мене, се збогати и инаку присутната атмосфера, за продуцирање скандали и дневно рушење на авторитетот на одделни личности и институции.

Кога го кажувам ова, не сакам да бидам погрешно сфатен, никој па ни актуелната власт, не може да биде амнестирана во одговорноста за водење во државата и во крајна линија во нејзин интерес е опозицијата и јавното мислење во земјата, на демократски и конструктивен начин, со демократски средства да укажуваат на проблемите и појавите, во врска со практицирањето на власта.

Моето реагирање е во насока, кога ваквото демократско право се претвара во негова спротивност, а тоа се ситуациите, кога се нанесува штета на интересите на државата и за таа деликатна граница, имено сите треба подобро да се замислиме и да водиме сметка.

На крајот, ризикувајќи да ми биде забележано, дека практицирањето на власта, од страна на СДСМ е веќе минато и треба да се сконцентрираме на сегашноста, поради илустрација на напластување на двојни критериуми, да не речам двоен морал, едни во ситуација, кога СДСМ беше на власт, а други сега, кога СДСМ е во опозиција.

Сакам само да потсетам на ситуации кога јавното мислење во државата бурно реагираше, кога на една од Владите на СДСМ за заменик министер за правда беше избрана една личност, творец на концептот "Илирида", а бројни експоненти, на случајот паравојска, исто така беа именувани за високи функционери, во одделни министерства, како на пример, Министерството за одбрана, а колку што се сеќавам, еден од нив дури ја напушти земјата, под сомнение за издавање на воена тајна.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Чедомир Краљевски за учество во расправата.

За збор за јави господинот пратеник Замир Дика.

**ЗАМИР ДИКА:**

Господине претседателе, господине премиере, дами и господа пратеници, јас немам намера сега да дискутирам, бев пријавен на минатата седница, но затоа што излезе вака расправата, ќе се вклучам во расправата.

Лично, да ви изнесам едно мое мислење или едно мое разочарување од последниот Конгрес на СДСМ, кој го следев со внимание и таму беа искажани некои ставови, кои даваа надеж, дека ќе се извршат некои промени, особено во политиката на меѓунационална основа и на политиката кон приспособување на нови вредности, што се импонираат при нашето чекорење, кон приближување на Европската Унија и тие стандарди.

Но, од последната изјава на еден пратеник, бивш министер и потоа никакво ни демантирање, ни образложение за таа изјава, многу популистичка изјава во тоа време дадена, ми дава да се сомневам дека лабораторијата на стравот уште работи. Ни дава со право да се сомневам дека во одредени моменти, кои се критични, тоа чекорење на Република Македонија кон интегрирање, внатрешно и надворешно, кон овие нови стандарди, што ни овозможуваат

еден подобар живот, што ни овозможуваат чекорење кон функционални системи, таа изјава и тоа демантирање, ми дава со право да се сомневам.

Таа изјава и тоа демантирање ми дава за право да се сомневам дека една лабораторија на ставот се обидува да ги држи тензиите, особено оние меѓуетнички на високо ниво и со тоа да се манипулира и да се обиде да се освои, ќе кажам народно, столицата, играјќи на таа карта. Особено беше предизвикувачко мавтањето со бели хартии на Лазар Мојсов, се извинувам што спомнувам име на лице што не е присутно тука, за некои зони. Јас сум млад, но се сеќавам на тие дискусии кои станаа дел од историјата на младата држава Република Македонија. Особено ме разочара повикувањето во ова време на етничка припадност, значи на таа компонента кога сите сме свесни дека припаѓаме на различни етноси, но да се игра на таа карта и од таа карта да се градат аргументи и од таа карта да се гради политика, со таков начин на изразување на таа етничка поделеност. Јас се сеќавам дека за такви изјави некои градоначалници, во тоа време, беа осудени, како г-дин Руфи Османи и Аладин Демири за поттикнување на национална омраза, меѓуетничка омраза и не знам што понатаму.

Поентата не ми беше да се сконцентрирам само на изјавата на еден пратнеик. Мојата интенција е следната. СДСМ секогаш се повикува и е заговорник на правната држава, респектирање на правната држава, поделбата на власта, независно судство и т.н. Колку што јас умеам да ги прочитам законите, знам дека судството си го рече своето за споменатиот заменик министер нема никаква законска пречка тој да биде кандидиран за таа функција. Значи нема никаква законска пречка, а вие заговарате дека треба да ја почитуваме поделбата на власта, не треба ваму да се мешаме, а всушност тој аргумент кој ја поттикнува и имаше многу реакции, се гради на не аргументи. Нема да зборувам за споменатата афера, за која зборуваше мојот колега г-динот Илјаз Сабриу, но само да кажам дека г-динот Рефат Елмази беше заменик министер на Министерството за одбрана и мислам дека досега немавте никакви забелешки за неговото работење, неговата професионалност и другите негови атрибути што се однесуваат на еден успешен член на Владата. Вие сигурно сега ќе кажете дека не е само правната компонента во прашање, туку и етичката, моралната компонента, ќе се повикувате на критериумите кои треба предлагачот да ги спази кога треба да ја образложи оваа листа. Јас мислам дека најмалку вие сте повикани на друг да кажете кои се критериумите за определување одредени луѓе како заменици министри, бидејќи да беа тие ваши критериуми толку убави и добри, сигурно дека оваа држава немаше да стаса до тоа ниво, до границата на лојалност на еден етникум, до границата на економска пропаст.

Затоа, ве молам и на овој аргумент, аргументот на критериумите, да ги оценувате вие критериумите на другиот предлагач за Владата, мислам дека тоа не држи, бидејќи вашите критериуми - јас баш не се согласувам со тоа што вие го работевте. Затоа, не знам каков ќе биде вашиот став како пратеничка група, јас очекував дека лидерот на опозицијата можеби прв ќе земе збор и ќе ги образложи своите аргументи, со што ќе гласат против оваа предложена листа, но се надевам дека тоа излагање ќе биде во еден друг контекст од тоа што го кажа неговиот пратеник.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот Замир Дика за присуство во расправата.

За збор се јави г-динот пратеник Ризван Сулејмани.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитуван претседателе, почитуван претседател на Влада, почитувани министри и пратеници, јас немам кој знае што смислено и овде подготвено овде за оваа седница, но излегов на говорница само за да кажам некои мои видувања во врска со нападите што беа кажани за одредени заменици министри и за моето видување за овие предложени имиња за заменици министри.

Прво, би сакал да кажам дека тенденцијата да се покаже овде една афера, да биде причина за не гласање за еден заменик министер или воопшто заменици министри, воопшто не држи, затоа што ПДП уште на почетокот оваа афера ја оквалификува точно како афера со одредени цели, кои беа поставени од одредени кругови во Министерството за внатрешни работи, но и подалеку. Тие цели беа јасно дефинирани.

Прво и единствено беше, Албанците групирани околу една единствена политичка партија, која претставуваше реална политичка сила, да се поделат односно таа политичка моќ да се разреди.

Второ, целта беше таа афера, идејата за институцинално решавање на

проблемите на Албанците во Република Македонија да се девалвира со оглед дека во таа афера беа вклучени, односно беше прикажано дека наводно и некои кадри од ПДП кои беа во Министерството за одбрана наводно се вклучени.

Трета работа беше, пред меѓународниот фактор Албанците да бидат прикажани како елемент на дестабилизација на Македонија и воопшто на регионот, што воопшто не држи, затоа што времето покажа дека Албанците, напротив, покажаа дека можат да бидат и се многу важен стабилизаторски фактор.

Но дали ние како опозиција треба да ја поддржиме оваа листа? Сигурно постојат многу други аргументи на кои можеме да се повикуваме и да не гласаме. Тоа се, пред се, елементите односно обврските преземени од изборите за реализација на програмата на Албанците во Република Македонија. И денес после една година и неколку месеци реално се поставува прашањето дали оваа Влада ги изврши и овие претставници во Владата, дали ги оствари ја ветувањата кои беа дадени пред изборите. Што направија за 9-те заеднички точки од заедничката програма со кои излеговме на изборите. Дали се подобри ситуацијата во Високото образование? Дали се подобри ситуацијата во учеството на Албанците во институциите на системот? Дали се стави на дневен ред прашањето за употребата на албанскиот јазик во Собранието и секаде во институциите на системот?

Сите овие работи ако се анализираат не даваат повод ние да бидеме убедени, за наредните две години и повеќе, дека оваа Влада навистина ќе направи нешто повеќе за проблемот на Албанците. Искрено мислев денес ние како Албанци пред се ќе направиме критичен осврт на досегашната работа на сегашните министри и заменици министри во министерствата кои ги водат. Дали во Министерството за одбрана, кое досега беше раководено од овој г-дин кој денеска се предлага за заменик министер за одбрана, се постигнати поставените цели. Според информациите што ги имам, позицијата на Албанците било како војници, кои учествуваат во многу висок процент во денешната АРМ и офицерите не е подобрена.

Напротив, според моите информации, таа позиција, таа структура не е подобрена. Нема доволно аргументи кои укажуваат дека позицијата на офицерите Албанци во РМ е подобрена. Тоа може да биде причина евентуално да не гласаме, а не дека г-динот Елмази учествувал во некоја афера. Јасна е позицијата на Албанците, што се однесува до аферата паравојска. И тогаш и сега ние велиме дека таа беше политичка квалификација и афера. Она за што ние ќе бараме како опозиција одговор од министрите Албанци и од замениците министри е колку се тие способни и колку ја реализираат Програмата на Албанците во РМ. Дали тие ќе стојат до поставените задачи и цели кои беа преземени со самиот избор, односно со самото излегување на гласање.

Искрено да ви кажам после толку години и после толку бомбастични најави, наводно дека дури ќе се оди на измени и на Уставот, со што ќе се подобри позицијата на Албанците во Македонија, денес да дојдеме во ситуација полека, но сигурно таа многу јасна и добра идеја со добри цели да се девалвира до таа позиција што дури и претседателот на Република Македонија, кој во предизборната кампања имаше сосема поинакви мислења за реализација на овие отворени политички прашања, денес зборува и дава изјави...

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Г-дине Сулејмани, дајте малку...

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Па, дури и претседателот на Собранието јавно кажа дека една од првите задачи ќе биде измената и дополнувањето на Уставот, денес тие зборови ги немаме. Па се поставува прашање до кога ќе чекаме ние тие скорашни зборови, тие најави и тие бомбастични изјави да дојдат на дневен ред. Тоа може да биде причина за евентуално не гласање, односно не поддржување на оваа Влада, а не сосема други идеи.

А вие господа пратеници и ние сите заедно еден ден ќе мораме да дадеме одговор на овие прашања. Ќе мора, г-дине претседателе и вие да дадете одговор на тоа прашање.

Првата задача, рековте вие, ќе се нафатите со измена на Уставот, со која по јасно и по прецизно ќе се дефинира позицијата на Албанците во Република Македонија. На овие работи ќе треба да дадете одговор, а на тоа и ние ќе бараме да дадеме одговор.

Можеби тоа е причината што денес не ќе можам, можеби ќе бидам воздржан, со уште малку убедување дека сепак ќе најде сили оваа Влада да ги стави на дневен ред овие прашања. Инаку во недоглед не ќе може да ги одложите.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот Ризван Сулејмани за учество во расправата, иако искористи повод да зборува и за други прашања кои немаат врска со конкретниот предлог.

Околу тоа што го постави за уставните промени наскоро ќе добие и официјален одговор и јавен одговор и јасен одговор околу тоа прашаше така што немам намера сега да одговарам, бидејќи би се оддалечиле од темата.

Би продолжиле со расправата.

За збор се јави г-динот пратеник Слободан Даневски, но пред тоа процедурално збор бара г-динот Мерсел Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Г-дине претседателе, воопшто не сум убеден дека г-динот Сулејмани бил надвор од темата. Тој цело време објаснуваше зошто нема да гласа за листата и аргументите мора да бидат ислушани од ова Собрание. Затоа не се согласувам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро, вие така сте го сфатиле, останува на тоа така како што размислувате.

Конечно, не мора сите исто да мислиме овде.

Има збор г-дин Слободан Даневски.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Г-дине претседателе, дами и господа пратеници, г-дин премиер, денес продолжуваме со расправа за избор на заменици министри на Владата. На оваа говорница се кажани многу умни работи, многу лоши, паметни и не паметни, но некои остануваат забележани. Она што малку ја возбуди јавноста и не возбуди сите нас пратеници, беше настапот на г-динот Лазар Китановски. Она што ни се случува сега во Македонија, тоа е да се шири страв и она што г-динот Црвенковски сака сега низ Македонија - каде оди Македонија.

Македонија оди таму каде што ја донесовте на маргините на бездната. До таму е донесена Македонија и оттука треба да појде Македонија, тоа е темата која се врти низ Македонија овие денови.

Јас би ве потсетил г-дине Црвенковски, некаде 1994 година на 20 декември, кога беше изборот за вашата Влада, тогаш Либерална партија јавно кажа дека нема да гласа за изборот на вашата Влада, затоа што еден министер кој и сега е пратеник, г-динот Илјаз Сабриу го потпиша Актот за таканаречениот Универзитет во Мала Речица во Тетово. 1997 година ни се случи аферата ТАТ. Повикавме да отвориме расправа во овој Парламент, г-динот тогашен премиер Црвенковски избега од темата и тогаш, не сакајќи да даде одговор, дојде на една седница така доцна, ни се обрати на нас пратениците, ни кажа "света војна на октоподот".

Немајќи одговор на тоа прашање, направи една прес конференција на која ги повика новинарите и кажа: Македонија односно Владата на Република Македонија располага со комплетни планови и штабни документи за дестабилизација на Македонија. Во тоа време како Либерална партија баравме г-динот Црвенковски да оцени, дали на затворена или на отворена седница, да подискутираме и да видиме кои се тие документи од какво важно значење што ќе ја дестабилизираат Македонија и иднината на државата. Се избегна од овој одговор, во Собранието се направи еден лупинг, СДСМ даде една декларација за меѓунационални односи и соживот и тогаш не одговори на тоа прашање.

За г-динот Китановски што беше министер во Владата на г-дин Црвенковски, по барање на Либералната партија, баравме тогаш да се донесе резолуција за не делување на ОВК на просторите на РМ. Баравме за не делување на ОВК на просториите на Република Македонија. Од г-динот Лазар Китановски имаме сега некои документи, ни кажува дека располага со зона, со секторот број 6, ќе ги каже сигурно гостиварската, косовската или не знам која. Ќе каже, бидејќи има документи, би било чесно да стане и да каже, би било добро и поименично да ги каже. Тогаш во Парламентот се дискутираше и настана она што ни се случуваше во соседството, војната. Тогаш ние како Либерална партија баравме да се донесе документ Македонија да не се користи, за не напаѓање на било која соседна земја и тогаш бевме одбиени како партија и тогаш г-динот Лазар Китановски тука ни држеше предавање и не осуди дел од нас, со дел од новинарите кои се сега во Утрински весник или не знам каде се разместени, не обвинија под директива.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Околу темава г-дине Даневски да бидеме по конкретни.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Јас мислам дека ова е важна работа кога се избира една Влада, да видиме како се избирала тогаш Владата, како сега, кои се грешките што се направени, мислам да се учиме на грешките.

Г-динот Црвенковски предложи во неговата Влада да биде г-динот Мерсел Положани, кој беше творецот, таткото и тој што ја промовираше идејата за "Илирида" и Референдум.

Вие г-дине Црвенковски го ставивте во Владата заменик, по ваше барање и тогаш инсистиравме да се отвори расправа и тогаш ова помина бегло.

За паравојската за Етхат Емини, го ставивте вие со указ директор на поштата во Тетово.

Она што загрижува и плаши е настапот на г-динот Лазар Китановски.

Зошто вие г-дине Китановски кога бевте министер, не кажавте дека постои документ, зошто не ја отворивте темата, да кажете на отворена или затворена седница дека Македонија ќе се дестабилизира. Сега кога испадна од Владата, било кој од Владата, тогаш испаѓаат и мавтаат со некои документи. Сега ако имате храброст и сегашните министри сега треба да излезат и да кажат, ова и ова, ова е против Македонија, ова е дестабилизација. Но сега најдовте храброст и ќе одите по патот на страв, ќе ги заплашуваме граѓаните и ќе одите на картата дека вие ќе бидете тие, вие ќе формирате, Социјал демократскиот сојуз, вие ќе не браните нас Македонците.

Вие ќе повикувате, кои вие ја продадовте, дадовте се што не требаше да дадете, сега вие повикувате на консензус и нас не повикувате Македонците ние да испаднеме. Со кое право? Со кое право сега по цена да се руши ВМРО на секој начин. Јас разбирам опозицијата да го руши ВМРО, тоа е нормално, но по цена да ја рушите Македонија, тоа право го немате и тоа право нема да ви го даде Македонскиот народ. Во тоа бидете сигурни. Јас ги разбирам Албанците, Албанците знаат што сакаат. Тие работат на долго, чекор по чекор. Тоа е нормално.

Јас не ги разбирам Македонците. Никој нема право да ја распродава оваа држава, затоа што на овие простори ние немаме алтернатива. Ние Македонците на оваа земја, ние сме трескотот и трескотот не може да испари. Македонците не може од оваа земја никој да ги исфрли. И тоа е моментот што Вие сакате да го користите. Немојте да играте на таа карта.

И јас ги повикувам и Албанците, се е добро кога зборуваат тука. Намерите не се чесни. Кога би биле намерите чесни од Албанците, би било се во ред.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

За збор се јави господинот потпретседател Илјаз Халими.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, ми е жал што и во овие моменти кога треба да избереме во пакет заменици на министри на оваа Влада, кадри кои и се добро познати на јавноста, се разбира во позитивна смисла, некои од опозицијата наоѓа за потреба без никаква оправдана основа да ја контестира кандидатурата на господинот Рефет Елмази за заменик министер во Министерството за внатрешни работи.

Господинот Рефет Елмази до сега ја обавуваше функцијата заменик министер за одбрана и уште е заменик министер за одбрана и тоа мошне успешно. За ова време додека тој беше на оваа функција, никој немаше ниту најмала забелешка за неговата работа или пак за неговото севкупно однесување било во самото министерство или надвор од него.

Господинот Елмази пред да дојде во тоа министерство, работеше како професор по предметот Народна одбрана во Гимназијата Кирил Пејќиновиќ во Тетово, за кого има само пофалби од сите вработени, било Македонци, Албанци, Турци, Роми. Во своето родно место село Теново со мешан национален состав, каде живее господинот Елмази, до сега тој немал никакви непријатности со било кој, а најмалку со мештаните Македонци. Ова што го кажав доволно зборува за каква личност се работи. Тој од поединци на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија се апострофира како личност која не смее да ја обавува функцијата заменик министер во Министерството за внатрешни работи, само заради тоа што бил осудуван во познатата афера за оружје. Ова што го кажуваат господата, нема никаква врска со вистината и тоа од неколку причини.

Како прво, аферата за оружје за кратко време се покажа дека беше монтиран процес од страна на тогашната власт за свои цели кои нам ни се познати, а верувам и на целата јавност.

Второ, господинот Елмази и да беше оправдано осудуван, да претпоставиме, после отслужувањето на казната тој си ги има сите права како и секој друг граѓанин на оваа држава да бира или да биде избран

од некого на било која функција. Она што јас го слушнав од дел на дискусиите на опозицијата за овој избор, за жал е загрижувачко за сите нас. Господата од СДСМ без никаква грижа на совест, наметнуваат еден начин на дебата во овој Парламент, што може да биде многу опасен за сите нас. Тезата што ја прокламираат за поделба на пратениците врз етничка основа по ова прашање, има за цел да се заострат меѓуетничките односи, а за да профитираат политички поени пред јавноста. Една ваква политика не може да биде прифатена од мнозинството на граѓаните на оваа држава, па ниту од меѓународниот фактор, затоа што не кореспондира со реалноста и со времето во кое живееме. Треба да престанете со логиката дека на Албанците не треба да им се верува.

Според СДСМ, Албанецот не смее да раководи со значајни институции на системот или министерства како што е и Министерството за внатрешни работи. Ова зборува според нив за херметичкото затварање на клучните места на ова Министерство, за припадниците на не македонското население. Сигурно тука има уште нешто поважно од ова, а тоа е ставот на оваа опозициона партија од откривањето на одредени афери или монтирани процеси кои ги направиле нивните специјални служби за време кога тие беа на власт. Јас апелирам да престанат со вакви предрасуди и недоверба спрема албанските кадри, затоа што оваа држава има механизми и начини како да се вршат проверки за секој граѓанин, кој треба да биде поставен на одредена важна функција. Мислам дека сето ова Вам ви е познато, но ете, ја користите приликата пред јавноста да се покажете како единствени бранители на интересите на оваа држава. За партиските интереси има друго место каде можете да се натпреварувате, а не од говорницата на овој Парламент. Добро е да не дозволиме за такви теснопартиски интереси да атакираме на она што е најбитно и најважно за зачувувањето на мирот и стабилноста на оваа земја, а тоа се добрите меѓуетнички односи.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

За збор се јави господинот Тито Петковски.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господине претседател, почитувани колеги, дами и господа пратеници, претставници на Владата и господине премиер, по реакцијата очигледно не очекувале пратениците од овој дел, од средниот дел, да се јавам за дискусија.

И навистина немав намера доколку ова што денес го слушнав не дава една сосема поинаква слика, за намерите кои беа при отворањето на оваа точка од страна на СДСМ и доколку навистина имавме можност да слушнеме барем неколку аргументи од предлагачот, од господинот Георгиевски, како предлагач на оваа листа на заменици.

Почитувани колеги, ние сепак бираме Влада, не Влада како што претпоставува Уставот, Влада во целина се бира секој заменик министер може да се бира одвоено, меѓутоа замениците министри ги заменуваат министрите и тие секогаш имаат полн легитимитет да говорат во името на Владата, кога министерот не е тука. И отворањето на прашањето од страна на СДСМ за поедини кандидати за заменици министри имаше за цел пред се пратениците, ова Собрание да се увери и во нивните квалитети и во нивниот морален кредибилитет да ги вршат тие функции. А овде слушам дека се изврртуваат тезите. Па еве и господинот Халими и господинот Ризван Сулејмани и некои други што учествуваа во дискусијата пласираат теза дека СДСМ е против Албанците да бидат заменици министри. Ве молам, каде ја слушнавте таа теза? Зарем на списокот на кандидати за заменици министри нема и други Албанци? Има и други Албанци, меѓутоа јас не можам, ќе признам пред Вас, не можам да ја сфатам упорноста да се инсистира на решение кое во најмала рака или нај благоречено е спорно за македонската јавност. Тој заменик министер утре треба да има апсолутен полн морален кредибилитет и со полн капацитет да ја врши функцијата заменик министер. И во отсуство на министерот за внатрешни работи, тој го заменува министерот за внатрешни работи со сите ингеренции на министерот за внатрешни работи.

Нашата забелешка беше токму во насока да се почитуваат вредносните критериуми, кои што ги има изградено ова општество. Ако Уставот профилира поделба на законодавна, судска и извршна власт, мораат да се почитуваат одлуките на судот. Јас не можам да сфатам да се игнорира максимално одлуката на судот, значи не се почитуваат судските одлуки, се игнорира судската власт во Република Македонија. Од едноставна причина што забелешката беше за кандидат, кој што е осудуван за дело против државата, што директно влијае врз безбедносната состојба во Република Македонија, бидејќи станува збор за

Министерство кое што е многу чувствително. Во него се слеваат мноштво од интереси, кои што ја чинат целината на безбедносната структура на Република Македонија. И ако ова општество во името на судската власт, односно оваа држава Република Македонија преку одлуката на судот, одлучила дека некој човек работи против државата, донела пресуда, таа одлука е извршена, поминале сите инстанци, редовни, вонредни, правни лекови.

Сметавме дека тоа ќе биде навистина сериозна опомена и за предлагачот господинот Ѓорѓиевски, претпоставувам и за политичката партија на која што припаѓа кандидатот за заменик министер, да не инсистираат упорно на едно решение. Имаат и други кадри, можат да предложат и друг човек. Никој во СДСМ нема против, затоа што сме практицирале власт во изминатата, а оваа држава фала богу многу години наназад никогаш во институциите на системот не останувала без Албанци. Затоа што несомнено не само на нас пратениците овде, на сите ни е совршено јасно дека стабилноста на оваа држава зависи исклучиво и пред се од стабилните меѓуетнички односи. И да бидам уште поконкретен, од односите меѓу Македонците и Албанците во оваа држава, да ја чувствуваат луѓето како своја татковина, своја држава, да ги штитат нивните интереси.

Според тоа, да повторам, никој во СДСМ нема забелешка за учество на Албанците, како што видовте не ставивме забелешка на ниту еден друг кандидат, мислам од предлогот, од листата на заменици предложени од ПДП.

Друго нешто, мислам дека начинот на кој што започна оваа власт да ја практицира власта и со Законот за амнестијата со ослободувањето и на двајцата градоначалници, меѓутоа и со амнестирањето и на мноштво криминалци кои што се познати по шверц на оружје, на дрога, со автомобили и те како ни се разби од глава сега со последната афера која беше во Арачиново со убиството на тројцата полицајци. Затоа што несомнено е, тоа новинарите го презентираа пред македонската јавност дека учествуваат и луѓе или се спомнуваат луѓе кои што со тој Закон за амнестија се амнестирани. Оваа власт во името на државата Република Македонија тоа не смее да си го дозволи. Ве молам, ако казнувањето нема превентивна функција, тогаш мора да ја има онаа другата, казнената. Почитуваниот колега Халими, потпретседателот на Собранието спомна тоа е точно, луѓето по издржувањето на казните стануваат рамноправни граѓани со сите права, граѓански права кои што ги гарантира Уставот. Меѓутоа, таму предвидуваат и законска процедура кога станува збор за бришењето на казните, кога станува збор за амнестијата и последиците од тоа.

Според тоа, почитувани колеги, не смее во ниеден случај, јас не сакам да ја отворам темата, која што е многу присутна на граѓаните на Република Македонија, како функционира оваа Влада. Не смееме да ја отвараме темата за недоверба меѓу етничките малцинства во Република Македонија. Напротив, силно сакаме на секој човек без оглед на тоа дали е Албанец, Македонец, Ром, Турчин, Србин, апсолутно не е битно, мора да има морални чисти и од формално правен аспект без никаква хипотека и да ја врши функцијата во името на државата, да биде заменик министер. Простете, господине премиер, меѓутоа јас чувствувам дека оваа Влада навистина си функционира не координирано внатре, не функционира како едно хомогено тело, една целина. Вие дозволувате предлозите од политичките партии, кои што го сочинуваат парламентарното мнозинство, едноставно да бидат конечни. И сите политички партии кои што партиципираат во власта, практично си делуваат како одвоени лоби групи на интереси. Владата мора да функционира, се разбира како извршен орган, како извршна власт, мора да функционира што би се рекло во името на одговорноста на сите. Има ли потреба да го спомнам последниот случај, министерот Кадиевски руши во Злокуќани, министерот за екологија ќе го тужи сега, затоа што направија помор на рибите. Тоа е само една илустрација. Мноштво илустрации одат во прилог на тезата дека денес е многу битно да бидете лојален кон партијата, а не е воопшто битно да бидете лојален кон државата. Тоа е нашата забелешка.

Ако судот во името на Република Македонија изрекол казна за кривично дело против државата, тоа мора да се почитува. И нашата забелешка е токму во таа насока. Ако има ПДПА, НДП коалиција, мноштво кадри, нека предложат друг човек кој нема да има таква забелешка. Во името на довербата на граѓаните на Република Македонија, дека тој утре нема да ја врши функцијата онака како што го направил делото, за кое што бил осуден од страна на судот и ништо повеќе. И од тоа не треба да се прават драми и секогаш на преден план да се исфрла најчувствителното прашање,

тоа се меѓуетничките односи, столбот на стабилноста на Република Македонија, без сомнение.

И да завршам, мислам дека би било добро ако слушнеме други аргументи, јас навистина би се корегирал ако слушнам некои други појдовни аргументи при предлагањето на една ваква листа на заменици министри. И ние ќе поддржиме секогаш конструктивен предлог со јасно образложение, зошто е тоа направено токму така. Меѓутоа, инсистирањето на нешто што како критериум е општо прифатливо во Република Македонија не може да биде, не можете да не убедите дека ние ќе треба тоа логично да го прифатиме. Затоа инсистиравме на почетокот да се гласа одвоено за замениците министри. Ние немаме забелешка за многумина предложени на оваа листа заменици и сакаме да гласаме за нив.

Меѓутоа, Вие ни ја ускративте шансата, односно со гласањето да се гласа тајно или да се гласа во целина за листата заменици, ние немаме шанса да ги издвоиме оние луѓе кои што ја заслужуваат нашата поддршка. И јас навистина жалам за тоа што ќе гласаме против и некои луѓе, кои што заслужуваат поддршка како заменици министри.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господинот Ризван Сулејмани бара реплика.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Јас се извинувам, не знам што прочитал господинот Тито Петковски од моето излагање, но она што сакав јасно и гласно да кажам овде дека аргументите за не гласање како Партија за демократски просперитет и на СДСМ се различни. За не гласањето мое лично не се повод она што се вика паравојска, затоа што јасно кажавме ние како политичка партија дека таа афера е со определени цели.

Првата цел беше Партијата за демократски просперитет да се подели, односно растури, што и се случи после таа афера.

Девалвирање на позицијата, односно курсот на движење на Партијата за демократски просперитет преку институциите на системот да ги решава проблемите.

И трето, компромитирањето на Албанците кои добија симпатија пред меѓународниот фактор, со тоа што сакаат да им докажат дека тие не се тие, туку се дестабилизатори на Република Македонија. Но, она за што ние нема да гласаме е друго, што не сме убедени дека оваа Влада е способна, сака или ќе ги направи и ќе ги реши проблемите на Албанците во Република Македонија, ќе ја реализира програмата на Албанците во Република Македонија, затоа што ние како политички партии две албански излеговме со заедничка програма. Тие се други аргументи за кои ние не сме убедени дека ќе успее оваа Влада да ги реши. Мислам се работи само за два други аргументи.

Ако некој мисли дека овие многу направија за Албанците, ние имаме сосема друго размислување. Мислиме дека многу малку или ништо не направија за реализација на програмата на Албанците во Република Македонија. Тие се уште не го поставија на дневен ред прашањето на високото образование, за кое секојдневно се врши притисок од внатре и од надвор, тие се уште не го подобрија ниту за еден процент учеството на Албанците во институциите на системот, тие се уште не го донесоа Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија, иако беа најавени за добивање на политички поени, дури и промените на Уставот не ги донесоа.

Тие се аргументите зошто ние нема да гласаме.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

За збор се јави госпоѓата Ѓулистана Марковска.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитуван претседателе, почитуван премиер, дами и господа пратеници, јас морам да го разочарам господинот Тито Петковски. Навистина очекував да се јави за збор, од причина што еден вака добар поправен испит за заеднички соживот на Албанците и Македонците во Република Македонија, не се пропушта и тоа е добро од причина што изборна кампања е кампања.

Ние сите овде треба да живееме и пред и после кампањата и добро е што постои ретерирање на ставот на Социјалдемократскиот сојуз, дека Албанците се рамноправни граѓани во Република Македонија, дека по ниеден основ не треба да се делат и дека сите треба да живееме заедно и да ја чувствуваме Република Македонија за заедничка држава. Веројатно многу ретко ќе се случи некој што не е Албанец, без оглед што јас сум припадник на етничко малцинство што живее во Република Македонија, што еве е претставник на национална партија и со задоволство сум

член на ВМРО-ДПМНЕ, од причина што има еден сосема поинаков граѓански тип на ориентација и што граѓанинот го сфаќа во буквална смисла на зборот, Македонец како државјанин, а не и како припадник на етничката групација само Македонци по потекло.

Меѓутоа она што е став и што секаде кружи, било во Меѓународната заедница и овде кај нас е дека не може едно малцинство што има 23% во Република Македонија бројчаност, да биде не застапено, не во толкав број колку што се зборува 23%, меѓутоа, буквално, многу малку во органите на управата да постои сепак една табу тема во врска со тоа дали Албанците ќе бидат застапени во царината, дали ќе бидат застапени во МВР во Министерството за одбрана. И дали понатаму идеолошки во нашите глави ќе биде присутна диференцијацијата од типот постојат повеќе и помалку осетливи министерства. Верувајте, она што јас го верувам како пратеник на мојата пратеничка група ВМРО-ДПМНЕ, верувам и сите други овде при бранењето на коалицијата, која што сега е на власт и во која што партиципира и ДПА, партиципира и ДА, основно и клучно што се постави и што е основен принципи на работата на оваа коалициона Влада е дали некој кој што живее во РМ е нејзин полноправен граѓанин и сите права и обврски да партиципира во власта и секаде и дали ја сака и почитува Република Македонија како своја татковина. Бидејќи таков одговор се доби токму од претставниците на ДПА, тогаш за мене не постои воопшто нешто спорно дали некој треба да биде присутен во ова или во она министерство. А забелешките од типот дека навистина се присутни помалку во органите на управата и воопшто во некои министерства, навистина држат, бидејќи бројките го кажуваат тоа.

Меѓутоа, сигурно се тргнува од претпоставката дека некој не треба да биде застапен во некое министерство, од причина што само е Албанец, Турчин, Ром или не знам што. Основно за кое што оваа Влада, а верувам и сите други, без оглед на тоа дали се работи за Влада на СДСМ или Влада на ВМРО, во случајов е дали некој располага со потребните квалитети да се најде на местото за министер, да се најде на местото директор на јавно претпријатие, се друго паѓа во вода. Бидејќи, јас бев присутна во првиот состав на

Собранието кога, за да се добие поедино место во јавно претпријатие или за да се добие поедино место заменичко или можеби министерско, имаше големи натегања во тогашната коалиција, од типот, ако го гласате овој закон ќе го добиете тоа министерство. Мене ми е драго што такви условувања во оваа коалиција нема или барем јас во досегашната своја работа не сум се соочила со такво нешто, од причина што постои, дали некој законски проект ќе се поддржи во целина или не, а не дали некој Албанец ќе го добие тоа министерство. Така да идеолошките предрасуди од типот на етничката припадност, од типот на тоа кој какви размислувања има, мислам дека оваа коалициона Влада треба да ги постави на сосема чиста основа и дека се друго претставува само прашање на размислување во главите на некој друг, а не во оваа коалиција.

И она што сакам да го кажам за судството, без оглед на тоа кој како ќе го сфати е следното: Можеби во едно време најголем дел од пратениците на пратеничката група на ПДП, претпоставувам и на ДПА беа осудени, имаа решенија од типот на идеолошката диференцијација, особено во школството, дали го поддржуваат принципот на албанскиот национализам и иредентизам. Сите тие решенија паднаа во вода и мене ми е драго што е така. Ако некој има дефакто причини да биде осуден, материјална причина заснована на докази, да биде осуден, тогаш тој и како такво решение, секогаш ќе го следи во текот на целиот негов живот.

Меѓутоа, ако некој е осуден врз основа на некоја идеолошка одредница и ако некој е осуден само заради тоа што во тој политички момент тоа било конјуктивно, тогаш верувајте, таквите пресуди очигледно и овој состав на Собрание и оваа Влада ќе треба да ги стават под лупа на јавноста.

Деновиве добивме едно, многу за мене пријатно изненадувачко писмо од група на граѓани кои бараат во закон да бидат преточени нивните барања за сите оние кои што биле и се бореле за идеите на слободна обединета Македонија, кои што се бореле за идеите на ВМРО и кои биле затвореници на Голи Оток или на некој друг затвор. Морам да кажам дека ваквата граѓанска иницијатива навистина ми причини задоволство од причина што самите луѓе чувствуваат потреба дека со тие идеолошки пресуди, со тие идеолошки одредници треба некој во името на честа и во името на она што некој го дал за Македонија, треба еднаш за секогаш да се расчисти. Еве ја користам можноста да кажам дека би сакала да соработувам со оваа група на граѓани, токму во

изготвувањето на овој законски проект и сметам дека и пратеничката група ќе биде нејзин иницијатор.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на г-ѓата Ѓулистана Марковска за учество во расправата.

Господинот Тито Петковски бара реплика.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Јас сакам и сега да повторам дека апсолутно не отстапувам од своите ставови, ниту сум ретерирал за меѓуетничките односи, ниту тоа го чини СДСМ. Нашата политика е константна во однос на меѓуетничките односи, од формирањето на оваа држава па до денес. Според тоа не станува збор апсолутно за никакво ретирање. Јас денес не ретерирав од тие мои ставови. Вадењето од контекст на една реченица, која послужи само како алиби за онакво дивеење во некои изборни единици во западниот дел во Македонија, станува константа во дејствувањето на ВМРО-ДПМНЕ. Тоа е единствено алиби ништо друго.

Според тоа столбот на оваа држава останува она што сум го тврдел како политичар, долго време што се занимавам со политика во оваа држава, стабилни меѓуетнички односи, тоа го тврдев и пред овие избори, тоа го тврдев цело време за време на кампањата за претседателските избори, тоа го тврдам и денес. А тоа кој како ја сфаќа работата тоа е негов проблем.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г. Тито Петковски.

За збор се јави г. пратеник Мерсел Биљали.

**МЕРСИЛ БИЉАЛИ:**

Господине претседателе, почитувани пратеници, почитувани претставници на Владата.

Мојот настап тука пред вас и пред јавноста воопшто нема да се однесува на личните карактеристики и особини на некои од кандидатите или на листата во целина, туку едноставно во начело ќе се произнесам околу ставот во нашата Влада и личниот став во однос на ова прашање.

И да сакам нешто да се произнесам околу личноста или особините на некого, веројатно ќе бев неуспешен од причина што ниедниот од нив не го знам. Ако тие за мене се познати, познати се поради тоа што се непознати или многу се непознати. Значи нема да се задржам на личните аргументи, били на некои од кандидатите или како целина, како листа. Дури сметам дека е старомодно размислувањето или арсеналот, своевидниот настап кој бара некои историски аргументи кои веќе се надминати и мислам дека барање непријатели во иднина не е во ред, од причина што тоа докажува дека ние или како структура или како личности се уште не сме расчистиле со демократската опција.

Значи се е завршено, дали тоа било монтажа или во која мера, тоа веќе е минато, мислам дека нема никакви законски пречки човекот да биде кандидиран или да биде предложен тука пред Собранието. Друго, досие политика и дали некој ќе се користи со тоа и во колкава мера, прашање е колку тој смета дека може да профитира во тоа. Меѓутоа, има своја граница од причина што, можеби по некогаш за да профитира или коментира тој во корист на својата партија, може многу лесно да ги доведе во прашање општите интереси и на државата и на граѓаните.

Јас чувствувам потреба тука да се произнесам зошто јас нема да ја поддржам листата, предложена за заменици на членови на Владата.

Прво, сосема е очекувано дека сегашната коалиција не очекуваат дека опозицијата ќе гласа за таква листа, затоа што ќе бевме единствен пример во светот кога опозицијата ќе гласаше за Владата. Мислам дека секој е свесен за тоа и не верувам дека луѓето од позицијата се толку не интелигентни за да бараат гласови и од опозицијата. И ова мислам дека е расчистено.

Ако самата позиција не е во состојба да обезбеди гласови, како што може да се случи, пред четири - пет дена, јас мислам тука е во прашање реалниот легитимитет на Владата и обично при такви ситуации такви Влади поднесуваат и оставка. Но, тука јас поставувам едно друго прашање, кое мислам дека можеби повеќемина и од пратениците кои се во делот на позиција си го поставуваат. Имено, тоа прашање е дали како пратеник под претпоставка дека мојата партија е учесник во Владата, значи учествува во коалиционата Влада, дали јас како пратеник ќе имам морално право или морална сила да ја поддржам листата што значи да ја поддржувам и понатаму Владата. За мене ова е многу важно и круцијално прашање. Одговорот е не. Не затоа што сакам да бидам субјективен, тенденциозен, едностран и т.н., туку поаѓам од објективната реалност, од објективните причини. Мислам дека е сосема јасно дека во прашање е огромната диспропорција помеѓу тоа што е ветено пред изборите и тоа

што се остварува сега или не се остварува. Да почнеме со ред и со аргументи.

Прво, главниот коалиционен партнер во Владата на РМ за време на предизборната кампања си ветуваше 100.000 вработувања, ветуваше двојно зголемување на платите или како што тогаш се изјаснија како пристојно живеење или пристоен стандард, ветуваше правна држава, борба против криминалот - други работи. Што имаме сега?

Наместо 100.000 нови вработувања изгледа сега имаме нови најмалку 30.000 нови невработени лица. Наместо пристојна плата или пристоен стандард, практично ние имаме реален пад на стандардот со тенденција уште повеќе да се влоши состојбата. Наместо правна држава, која се очекуваше од тие што јавно ветија, реално ние имаме партиска држава и тоа многу повеќе тесно партиска и во споредба со некои времиња кои не се многу далеку од нас и наместо борба против корупцијата, практично ние имаме повеќекратно зголемување на корупцијата.

Вториот коалиционен партнер на јавноста на граѓаните им ветуваше уставни промени, повикувајќи се на тоа дека Уставот е генератор на кризата, потоа ветуваше двојазичност, ќе се измени Деловникот од оваа говорница ќе се зборува и на Албански, Тетовскиот Универзитет и т.н. Уште повеќе истата структура односно вториот коалиционен партнер за време на претседателските избори, пак се јавија со тезата ќе се смени набргу Уставот, а тоа го нема. Или да го поддржиме кандидатот во вториот круг ќе ја признае Република Косово. Тоа сега никаде го нема. Или да го поддржиме кандидатот кој ќе избере потпретседател од редот на Албанците, тоа никаде го нема. Или ќе избереме претседател на државата кој ќе гарантира двојазичност и т.н. и тоа го нема.

Значи не само што го нема, туку многу јавно тоа се кажува дека нема да го има, значи ќе го нема и понатаму. И тоа на многу јасен и многу недвосмислен начин. Претседателот на државата излегува и си кажува дека нема да има уставни промени. Не само тој, туку и лидерот на коалицијата, човекот кој се повикуваше нон - стоп на тоа дека Уставот е извор на кризата, сега јавно си кажува дека не е потребно да се смени Уставот и дека до постојниот Устав има доволно рамки да се прави тоа што мисли тој дека треба да се прави. А да не зборувам за двојазичност или Деловникот, кој веќе никој тука не ги споменува.

Претседателот на државата наместо ветувањата што на некого му ги дал, тој заправо сега излегува со тези кои се изградени од некои структури, кои до тогаш беа критикувани и човекот излегува со нови коридори.

Вака кажано мислам дека во прашање се две опции: или членовите на Владата односно партиципиентите или структурите или нивните партии, или го потценуваат до крај електоратот и го сметаат за не интелегентен или пак во прашање е нешто друго. Тие сепак сметаат на лошото памтење на електоратот. Но, не е така. Мислам дека електоратот има сосема добро памтење и е многу интелегентен и тој ќе докаже дека вакви диспропорции помеѓу ветеното и оствареното нема да поминат понатаму.

Поаѓајќи од состојбата која моментално постои, во сферата на економијата, социјалата, културата, образованието и т.н., сметам дека оваа власт повеќе ќе нема морален кредибилитет да ја води државата и што побргу да си замине и тоа е многу важно и подобро и за нив. Не случајно ние сега немаме поддршка од никакви меѓународни финансиски институции, ни со Меѓународната банка за обнова и развој, ни со ММФ, ниту со Европската банка за обнова и развој, а верувајте дека недостатокот на овие аранжмани не е сосема случаен. Тоа произлегува од нивните политички проценки дека структурата која ја води државата не е зрела, ни минимум демократски да има преодна оценка и не верувам, вака како што работиме дека ќе имаме некоја поддршка од вакви меѓународни институции.

Јас мислам дека, а оваа Влада ако има минимална морална одговорност пред државата и граѓаните, навистина треба да размислува, додека не се случи Бугарија, пред три - четири години, да си замине и така да се договорат пратениците коректно што ќе биде и кој натаму ќе ја води власта, бидејќи повеќе проценки укажуваат дека за неколку месеци ние фактички ќе се соочиме со многу потешка политичка, економска и социјална состојба.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Мерсел Биљали.

Збор побара господинот Абдурахман Алити.

**АБДУРАХМАН АЛИТИ:**

Господине претседателе, почитувани пратеници, излегов да ве потсетам дека на дневен ред е именување заменици министри во Владата на Република Македонија.

Дали забележувате и вие и како и јас дека, едвај чекаме да се зафатиме за теми од областа на меѓунационалните односи, па после навистина заборавамe зошто почнавме да дискутираме. Јас најсериозно ве молам или обрнувам внимание дека тоа не е добар начин на водење на парламентарна дебата.

Имаме конкретна точка. Според Уставот, премиерот предлага министри и заменици и се избираат на начин како што се избира Влада. Меѓутоа, премиерот предложи листа на имиња на лица за кои тој смета дека успешно ќе ја вршат работата како заменици на министри. До тука, ситуацијата е сосема чиста.

Дали, навистина, мислите дека тие имиња, тие заменици треба да бидат прифатливи и за опозицијата? Јас мислам дека тоа не е задолжително. Дури, опозицијата не ги сака министрите, не го сака премиерот, не ја сака Владата, а ние очекуваме да ги сака замениците. Мислам дека е тоа нереално барање.

Не мора да ни се допаѓа, можеме да кажеме збор два, меѓутоа нашите седници не треба да ги претвораме во бесконечни дијалози околу тоа кој рекол, како рекол, што рекол, вчера денеска, завчера и т.н. Опозицијата има право да оспорува и листа и Влада и се друго. Позицијата е таа што ќе гласа за таа листа. Мислам дека позицијата не треба да одговара на секоја забелешка од страна на опозицијата, затоа што ја оддолжуваме работата, туку со кревање на два прста ќе го искажат ставот, исто како што позицијата има право на ист начин да го манифестира својот став.

Оттука сметам дека, многу често навлегуваме во отворање теми за кои што не е моментот да се разговара за тие теми. Не може баш секоја точка да се поврзува со некој меѓунационален, меѓуетнички елемент и на таа основа после целата дискусија да се развива. Ако се има аргументи дека некое дејствие, некој предлог од Владата е против уставен, е против законит и т.н, со тој аргумент ќе се настапува тука. Со политички квалификации дека некоја личност некој човек, некој од предложените дури не ми се допаѓа мене, тоа ама баш ништо не значи. Дури, мислам дека, ако мене како пратеник од опозицијата, некој од предложените не ми се допаѓа, тоа треба да ја радува позицијата, затоа што погодила човек кој, навистина, чини за нив.

Јас, апсолутно вака ги гледам работите и мислам дека ако добро размислите ќе најдете аргументи да мислите слично. Затоа што едноставно Парламентот го претвораме во нешто во што мислам дека никој од нас не сака. А, сакаме конструктивна дебата, сакаме ефикасен Парламент, сакаме достоинствен Парламент, затоа што често пати, видете паѓам во искушение кога слушам не одмерени, да не кажам некој потежок збор, дискусии тука, навистина се прашувам дали припаѓам тука? Дали нивото на Парламентот на Република Македонија навистина треба да биде такво?

Треба да водиме сметка и за тоа што дигнитет на законодавниот дом. Треба да водиме сметка за тоа дека нас не гледаат, не слушаат граѓаните на Република Македонија. И, немојте да се раководите од логиката - нашата дискусија да се допадне на некој политички неписмен човек. Водете сметка, малку да ги натераме со нашите дискусии и со нашето однесување, да ги принудиме луѓето да размислуваат за денешнината, за сегашноста, иднината. Но, не само за иднината, туку и на нивните деца, на нивните внуци и т.н. Дајте, малку на овој начин да ги гледаме работите. Да не ги гледаме сите работи од теснопартиски интереси. Владите се менливи, тие се избираат од парламентарното мнозинство, мнозинството се добива, мнозинството се губи, но останува едно заедничко и немојте секогаш задолжително да барате лојалност и од носителите на јавни функции и од пратениците, исклучиво партиска лојалност. Да ги прошириме малку хоризонтите. Лојалност да, но спрема тоа што е систем, што е држава, што е државно уредување, што е уставно уредување. Се разбира, некој може да ми каже - па вие и Уставот не го прифаќате. Да, меѓутоа јас се залагам Уставот да го менуваме во процедура и се додека е така, се додека тој устав постои ќе го почитуваме, но ќе се залагаме секогаш да го менуваме и т.н. и т.н.

Така гледам јас на работите и така мислам дека треба да ја водиме дебатата. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на дискусијата на господинот Абдурахман Алити.

Почитувани пратеници, гледам, постојано се јавувате, постојано сакате да дебатирате. Го имате тоа право, ќе го овозможам. Меѓутоа, имајте чувство дека на

дневниот ред на денешнава седница имаме многу суштински важни прашања што се однесуваат и ги тангираат сите граѓани на Република Македонија. Сочувајте ја енергијата за дискусија по тоа прашања.

Аргументите беа изнесени и на една и на друга страна. Да не се повторуваме и да не сметаме дека ние, односно јас како пратеник или било кој кој ќе дојде овде ја составува Владата. Дозволете дека одговорноста за таа Влада ја сноси премиерот и ја сносат министрите. Навистина многу ми се допадна дискусијата на господинот Абдурахман Алити која што водеше кон, навистина, конструктивен приод и подигнувањето на дигнитетот на самото Собрание.

Во тој дух мислам дека и треба да продолжат и расправите што, еве четири дискутанти имам денеска пријавено за дискусија.

Му давам збор на господинот пратеник Ѓорѓи Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, јас исто така, во целост се согласувам со дискусијата на господинот Абдурахман Алити. Мислам дека е факт, дека многу често во овој Парламент различни прашања се користат за отворање на темата на меѓуетничките односи. Меѓутоа, таа тема на меѓуетничките односи се отвора на тој начин, пред се, да се обвини бившата власт и пред се СДСМ најмалку за три нешта што не одговараат:

Првото е, СДСМ во таквите дебати се обвинува дека имал некакви предрасуди во однос на кадрите Албанци и ги сметал за неспособни во власта, што апсолутно не е точно и со праксата на сопственото делувањево сите овие години го покажа сосема спротивното.

Втората теза е дека СДСМ е всушност за не рамноправност во Македонија и ја форсира таквата теза, со некаков процес на етничка хомогенизација на Македонците и туркање на етничка хомогенизација на Албанците од друга страна што исто така не е точно. Јас само сакам да ве потсетам на неколку работи, дека, ако некои од партиите направија ревизија на нивните политички ставови, во поглед на меѓуетничките односи, тоа се партиите ВМРО - ДПМНЕ и ПДПА - НДП. Односно, вие знаете дека цели осум години, односно 6 години од 1992 година, кога СДСМ ја освои власта, дека СДСМ се залагаше за модел на меѓуетнички односи, кој во основа беше прифатен како модел на меѓуетнички односи на Балканот и кој се покажа дека може во една држава да постои функционална мултиетничност.

Во рамките на тој модел, токму тогаш кога ние се залагавме и за граѓански устав, постоеја овие две партии. Имаа сосема различни видувања, концепции за сосема различни видувања на концептот на Македонија. Потоа, ако се сеќавате дека некои од партиите не сакаа и не доаѓаа, дури нивните лидери воопшто, беа исклучени од Парламентот, само заради тоа што сметаа дека учеството на Албанците во институциите на власта, меѓу другото оневозможуваат тие да ги остварат сопствените интереси, затоа што таквите институции се тесно грло за остварување на нивните интереси. Тогаш, кога голем број други Албанци, исто така, сметаа дека токму тој приод, учеството на институциите на власта и преку институциите на власта може да го држи постојано перманентниот дијалог околу спорните прашања и околу она за што мора и треба да се постигне консензус во оваа држава.

Токму во тој период, наспроти сите обвинувања што се кажуваа, се постигна многу голем напредок во остварувањето на човековите права на сите припадници на етничките заедници во Македонија. Не сакам да спомнувам примери од целата таа работа, меѓутоа беше донесен, прво Уставот, потоа беа донесени многу закони што обезбедуваат, истовремено употреба на јазикот на националностите во различни области од животот, беа донесени многу процесни закони, вклучително, што исто така го обезбедуваат тоа право, беше обезбедено целосно образование на Албанците во средните училишта, беше обезбедена зголемување на стапката и тоа за 6-7 пати на оние кои студираат на албански јазик, беше донесен Закон за Педагошката академија, беа обезбедени меѓу другото, зголемување на бројот на сите Албанци во сите министерства во оваа држава.

Тоа беше политиката на СДСМ и денеска, мислам дека никој не може да му приговори за предрасуди по однос на било кој Албанец или за изнесување на некаква помала способност на Албанците за работа во тие институции, само заради тоа што во денешнава дебата околу заменичките места, за оваа влада сме ставиле приговор на едно име од таа листа, заради работите кој што ги кажав.

Втората работа за која што би сакал, исто така да обрнам внимание, не може да се осудува и да се просудува за

една партија и за нејзината политика на планот на меѓуетничките односи, само врз основа на една нејзина изјава или врз основа на една изјава од некој нејзин претставник или пратеник. Мислам дека, тоа е прво, некоректно и всушност доведува до забуна, односно доведува до политика што сака да го сатанизира другиот, само врз основа на една таква изјава.

Ако сакаме така да се однесуваме, тогаш ќе ги отвориме прашањата што се кажа, на пример делегатите на Конгресот на Партијата за демократски просперитет на Албанците и НДП во Гостивар за време на нивниот конгрес, кога имаше, вистина, облечено и луѓе во црни униформи кои парадираа во форма на обезбедување, кои што на секој начин претставуваа некој тип на закана за безбедноста на Македонија. Или пак сите говори кои таму говореа дека треба да се создаде се албанска влада, се албански Парламент, сето она што беше речено, со сета онаа орнаментика што, несомнено потсетуваше на идејата за целосна етничка хомогенизација. Не сакам да потсетувам на говорите на господинот Неџипи кој, е исто така на заменичката листа и кој во време на својата претседателска кампања говореше дека ќе ечи химната на ОВК во оваа држава и т.н. и не сакам да мислам дека само врз основа на една таква изјава дека е тоа целосната политика на неговата партија или пак на овие кои денеска него го предлагаат на заменичката листа на министерствата.

Ако одиме кој изјавите и нив ги идентификуваме со партијата, тогаш ќе дојдеме сигурно до последната изјава на господинот Слободан Даневски, кој говореше во име на Либералната партија. И замислете, ако е тоа политика на таа партија, јас верувам дека таа партија денеска ќе се откаже од тој пратеник и од тој човек. Тој меѓу другото, од оваа говорница, откако ни одржа лекција на сите како ние водиме, практично лоша меѓуетничка политика, како сме, имаме дури со националистички призвук и т.н. и што се правела Владата на господинот Бранко Црвенковски, меѓу другото дословно рече дека Албанците се во основа добри, меѓутоа тие немаат чесни намери. Тоа, не верувам дека е политика на Либералната партија и никој од нас не може да си дозволи, веројатно од таквата една изјава на еден пратеник, да извлекува каква е политиката на една негова партија.

Оттаму, мислам ако навистина дошло до ревизија во поглед на меѓуетничките односи, тогаш дошло до ревизија во поглед на меѓуетничките односи кај ВМРО-ДПМНЕ, кој што до пред овие избори изјавуваше дека можеби нема ни да вклучи Албанци во Владата и во политиката на партијата за ДПА која што сметаше дека институциите на системот се тесно грло за остварување на интересите на Албанците во Македонија, дека нема потреба во нив да се учествува и затоа не учествуваа во тие институции и го правеа сето она што претставуваше, вистина, етничка хомогенизација и радикализација на албанскиот етнос во Македонија.

Меѓутоа, нашите забелешки, како се сеќавате, ако сега се сеќавате, почнаа од таму што ние рековме дека во ред, има на таа листа и Албанци и Македонци кои се целосно прифатливи за опозицијата. Ќе гласаме за нив со целата наша одговорност за состојбите во државата. Меѓутоа, има и лица за кои ние не би сакале да гласаме и затоа предложивме прво, поединечно гласање. Меѓу другото, јас не мисла на таа листа дека се спорни само некои лица со етничка албанска припадност.

Напротив, еве бидејќи денеска овде е и премиерот кој е предлагач на таа листа, јас би сакал да му поставам само едно прашање, прашањето гласи дали предложениот заменик министер за надворешни работи Никола Димитров, кој дипломирал на Правниот факултет 1996 година, е син на министерот Димитар Димитров и второ дали тој во овој момент се наоѓа на отслужување на воениот рок? Ако е војник, можел да го постави за заменик министер за народна одбрана.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Ѓорѓи Спасов за учество во расправата.

За збор се јави господинот пратеник Кастриот Хаџиреџа.

**КАСТРИОТ ХАЏИРЕЏА:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, јас ќе бидам многу краток во моето обраќање, но морам да потсетам само на две загрижувачки појави во обраќањата на некои пратеници до ова Собрание.

Првото е обраќање само до македонските пратеници, а со тоа и се институционализира, своеврсно, сегрегација во ова Собрание, а која, најверојатно, директно ќе делува и на сегрегација помеѓу народите во Република Македонија.

Второ е тврдењето дека една политичка партија располага со некои си листи, некои си докази, дека многу нешта во

Македонија се случуваат од страна на Албанците и ОВК, а за тоа Владата нема сознание. Нели ова не е доволен доказ дека таа партија располага со сопствени институции вон контрола на легитимната власт? Ако е тоа така, ова би значело зелен сигнал до секоја партија да си има право да си ги формира своите паралелни институции. И, ако е тоа така, тогаш до каде би не довела една таква појава?

А, што се однесува до тоа кој ќе ги претставува Албанците на највисоките државни функции мораме да потсетиме некои госпоѓи дека помина времето кога ова претставување се вршеше според нивниот вкус, преку чесните Албанци кои се грижеа за се и сешто, но не и за интересите на народот што го претставуваат. Сега, со новите демократски процеси претставниците на Албанскиот народ во сите институции мора да се предлагаат само преку албанските политички партии, почитувајќи ја желбата на Албанскиот народ. Оти, само тоа ќе биде гарант за рамноправноста на сите граѓани во Република Македонија. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Кастриот Хаџиреџа за учество во расправата.

Дали господинот Замир Дика сака да реплицира?

Имате реплика повелете.

**ЗАМИР ДИКА:**

Наговестената константна политика од господинот Петковски на полето на меѓуетничките односи по неговата кампања за претседател и тоа константно, ние не отстапуваме од тоа константно колку убаво многу добро ја водевме меѓуетничката, меѓунационалната политика. За мене е тоа неиздржливо. И, мислам дека, особено тие пратеници не треба да продолжуваат да ја отвораат таа тема, туку да одиме на тоа да ја затвориме оваа тема по повод оваа точка од дневниот ред.

Тој, исто така, господин Ѓорѓи Спасов рече дека ДПА имала такви и такви ставови, ставови за неучествување во институциите на системот. Само сакам да ви кажам, гледајќи не сега овде, во овие институции на системот, каде се залагаме за квалитетен живот, мислам дека ние не сме променети. Нашите ставови се исти. Но, ние не сакавме да учествуваме во таквите институции што вие ги државте и вие ги имавте под контрола и вие ги водевте на таков начин. Во таквите институции не сакавме ние да учествуваме и да бидеме, да ја видиме сета таа политика, добра политика што вие ја водевте и со таа политика што не однесовте и до работ, на лојалноста. Не тоа што Албанците не беа лојални кои тие институции на системот. Него тие институции на системот не беа добро водени, особено во контекст на меѓунационалните односи.

Тоа е нашиот став, беше и сега е и секогаш ќе биде во таквите институции што не даваат простор на националностите што го уживаат потенцијалот на еден народ да партиципира во институциите на системот на една држава за заеднички и подобар живот, за нови стандарди, мислам дека таквите институции никогаш нема да ги поддржуваме. И, ние се обидуваме, господа од опозицијата, се обидуваме проблемите со етничката припадност, тие различности да ги затвориме еднаш засекогаш, нека останат на полето на културата и на полето на идентитетот. Него, ние да се зафатиме и да ги потенцираме тие работи што не зближуваат, а тоа е заеднички подобар живот на овие простори. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на г-динот Замир Дика.

За реплика се јави г-динот Ѓорѓи Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Г-динот Замир Дика има право како член на Парламентот и како шеф на пратеничката група да има свое мислење какви биле меѓуетничките односи во период од осум години во развојот на оваа држава и какви биле институциите во кои што тој и некои негови истомисленици не сакале да учествуваат. Несомнено на тоа рамниште ние нема никогаш да се разбереме, меѓутоа чесно би било во рамките на овој Парламент да не се обидува да говори во име на сите Албанци, па дури во однос на сите членови од неговата партија која што учествуваше во работата на претходниот Парламент и во активностите на претходниот Парламент. Мислам дека е тоа негово лично мислење кое што произлегува од праксата на неговата партија, која што ја спроведуваше долго време и која што пракса практично не беше добро оценета, барем во тој период, добро од било кои меѓународни европски институции, кои што ги оценуваа меѓуетничките односи во Македонија и кои што говореа дека само работата преку институциите, што конечно го сфатија тие и влегуваат во овие институции е таквата работа која што ќе доведе до подобро меѓуетничко разбирање и перманентно одвивање на меѓуетничкиот дијалог, за

прашања за кои што сме сите заинтересирани да бидат решени. Тоа е едната работа која што сакав да му ја кажам.

Другата работа, бидејќи тој многу ги фали институциите на овој систем, бидејќи сите други Албанци што учествувале во другите институции на системот не ги оствариле оние работи за кои што тој мисли дека треба да бидат остварени, мене многу ме интересира за година ипол дена од функционирањето на оваа власт кое од прашањата на неговата партија, кои што ги покренала е реализирано преку овие институции на системот, со кои што они сметаат дека дошло до радикален пресврт во меѓуетничките односи и нивна меѓуетничка релаксација, која што ја оневозможувал СДСМ за време на неговото владеење.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

За збор се јави г-динот пратеник Сејфедин Харуни.

Г-динот Харуни се откажува од дискусија.

Имаме уште двајца пратеници господата Јонуз Абдулаи и Алириза Лога.

Ако мислат дека ќе се повторуваме тогаш да ја привршиме расправата, а ако не има збор г-динот Јонуз Абдулаи.

**ЈОНУЗ АБДУЛАИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници во интерес на времето јас како што е вообичаено ќе бидат пократок но никако нема да се откажам од пријавената дискусија.

Впрочем, во врска со предложената точка на дневен ред, значи во врска со изборот на заменици на министри во Владата на РМ би сакал уште на почетокот, на стартот да кажам дека лично ја прифаќам и без двоумење ќе гласам за таа листа, бидејќи огромниот дел на предложените заменици министри од таа листа ги познавам и ги почитувам. Од тие причини сакам да кажам неколку збора во врска со толку оспорениот наш ценет колега, пријател предложениот заменик министер г-динот Рефет Елмази, заменик министер на министерот за внатрешни работи.

Познавајќи го од порано и она што беше истакнато овде како ценет професор во Гимназијата "Кирил Пејчиновиќ" во Тетово, како и во неговото работење како заменик министер во Министерството за одбрана, неговиот придонес посебно во овој период, година и нешто ни дава за право, не само што е предложен, туку и прифатен да биде на листа на местото заменик министер за внатрешни работи, на кое што место е предложен и сметам дека со одговорност и успешна работа тоа и ќе го докаже.

Од тој аспект, сите тие клевети што беа овде изнесени не држат и како дополнувања на тоа сакам да кажам дека, се она што беше оспорувано правно, дека колегата Рефет Елмази нема можност и право да биде предложен и избран заменик министер јас само ќе ви аргументирам, бидејќи многу аргументи овде беа изнесени. Ние имаме овде ценети колеги пратеници кои се осудени па се меѓу нас овде рамноправни, она што претседателот уште на првата седница на овој законодавен дом рече "рамноправни меѓу рамноправните, а јас сум еден од нив".

Од тој аспект би сакал да нагласам дека имаме и министри, тука ни е ценетиот колега д-р професор Веби Беџети, кој беше осуден, но беше предложен и избран од овој Парламент во составот на Владата на РМ. Од тој аспект право е на опозицијата, нормално ќе се согласам со одредени колеги да негираат, да се бунат, да не се задоволни за одредени предлози, но право е и на мнозинството во овој Парламент со аргументи се докажеме и искажеме и комплетно одговорноста да ја сносиме ние за нашиот избор, за нашиот предлог. Но сметам дека поминаа тие времиња кога друг ги одредуваше листите и кандидатите кои ќе бидат предложени за заменици министри или министри.

Бидејќи овде беше поставено прашањето кој ќе ги претставува Албанците во институциите на власта, ве молам секој има право да прашува, но одговорот се знае Албанците ќе ги претставуваат Албанците во институциите на власта и за нивното претставување одлучуваат Албанците. Тоа впрочем воопшто не е спорно, но сакам да се задржам малку на меѓуетничките односи, меѓунационалните односи, каде што се согласувам во потполност со сите дискутанти кои тоа го изнесоа дека тоа претставува столб на Македонската држава за стабилноста и сигурноста, но секако и за престижот во европските токови каде што се надеваме дека брзо ќе бидеме вклучени директно. Но, од тој аспект сакам да нагласам, дека воопшто никој нема право тие меѓунационални односи да ги чува како жаришни места, каде што во секој момент кога на некого ќе му затребаат тој ќе го запали фитиљот и едноставно во Македонија ќе имаме немири и катастрофа кон оваа држава и кон народот кој живее во Македонија, кон граѓаните.

Доаѓајќи од Гостивар за оваа седница на Парламентот, неколку граѓани на општина Гостивар ми довикуваа - ќе ве замолиме во Парламентот немојте да се натпреварувате кој ќе биде поголем патриот, но ве молиме борете се за нас, за нашите интереси за материјалната сигурност и за безбедноста на нашите и вашите деца.

Од тој аспект, јас кажувам денес да не губиме време, туку да поминеме на гласање и на народот да не му сееме омраза и страв, бидејќи пак ќе зборувам, но имам право бидејќи го имам гласот на гласачите во Гостивар и во околината и имам право да кажам дека во Гостивар помина стравот. На граѓаните во Гостивар им влезе стравот до коска и нема каде. Сега релаксација на тие меѓунационални односи веќе се гледа во Гостивар, а слободно можам да кажам и во Македонија, а тоа ни го кажа и Џорџ Робертсон, генерален секретар на НАТО од оваа говорница, пред овој Парламент. Тоа беа не само пофални зборови туку и аргументи кои нас не поттикнуваат понатаму да не се занимаваме, да не сееме страв меѓу граѓаните, туку да ги донесеме тие законски проекти што се пред нас, се согласувам со претседателот на Собранието дека имаме мошне значајни обврски не само на оваа седница, туку и на другите седници кои доаѓаат со една единствена цел да не го оптоваруваме граѓанството, бидејќи тие очекуваат од нас да им го олесниме нивниот влошен и тежок живот, а тоа отворено мораме да признаеме и да кажеме дека го имаме наследено до гарнитурата која беше до вчера, но ние ќе ја сносиме таа одговорност ако не сме способни и подготвени тоа наследство да го надминеме и со резултати да докажеме дека довербата што ја добивме од граѓаните и ја заслужуваме.

На крајот, она што некој овде од колегите пратеници рече кој има право и за кого да зборува? Ве молам, јас сметам дека ние секој имаме право и од тие наши граѓани сме избрани и за нив, во нивно име да зборуваме. Тоа ништо не е нејасно. Туку, јас би ви докажал дека никој нема право во оваа Република Македонија, ниедна политичка партија да има монопол во одлучувањето на нај суштествените државни прашања, како што е сигурноста, опстанокот и стабилноста на РМ. Не сакам да ги повторувам моите ценети колеги што рекоа дека сме за стабилна Македонија, сме за добри меѓунационални односи, но рамноправни... Во што рамноправни? Само еден аргумент. Јас се согласувам со еден од пратениците, а спремен сум и за реплика, кога рече дека нормално е опозицијата да не се согласува и да критикува, но јас ви кажувам и еден аргумент, нормално е опозицијата да се буни зошто да биде предложен и избран еден заменик министер во МВР кога до вчера проблем беше полицаец да вработиш или недај боже да унапредуваш во службата, па многу врева се крена околу тие нови избори на началници, заменици и т.н., што со право сметам дека воопшто немаше потреба, бидејќи граѓаните тоа најдобро го прифатија, бидејќи тие се луѓе кои професионално работат и делуваат и не се оптоварени од националната бременост.

Поради тоа сметам дека ќе ни бидат поретки вакви прилики ние да се натпреваруваме кој поголеми зборови ќе каже, кој кого ќе омаловажува, кој кого ќе увредува, туку кој кого ќе вреднува, кој кого ќе го респектира и цени со една единствена цел работите да ни одат кон тоа за што сме определени, а тоа е промените. Промени се овие. Некому можеби не му е добро, но има време тоа самиот да си го поправи, а ние пак ќе продолжиме кон тие промени, бидејќи за ДПА и во врска со ДПА овде беа многу тези спомнати, стратегии, но јас ќе кажам дека ние имаме наша платформа, наш договор со коалицијата, тоа се почитува и ќе го почитуваме со една намера дека ДПА е радикална партија, која од корен сака да ги промени односите што беа до вчера тешки, лоши комунистички за народот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам од г-динот пратеник Јонуз Абдулаи.

Господа пратеници јас ве замолив, граѓаните очекуваат многу повеќе да слушнат за законот за ПИО, а Вие сте се расприкажале овде и се убедуваме за некои работи кои што навистина ги кажавме сите аргументи. Следните пратеници што се пријавени, господата Алириза Лога, Наќе Стојановски, Насер Зибери во тој дух ќе дискутираат. Јас немам намера да ве ограничувам, но ве молам ако имате нови аргументи изнесете ги во интерес на времето, во интерес на утрешниот ваш светол празник, кога нема да работиме и кога ќе го почитуваме што значи денес да бидеме по рационални и неколку точки да поминеме од дневниот ред.

Толку сакам да апелирам до Вас.

Во секој случај јас сум должен по овој редослед да ве презивам и да ви дадам збор.

Има збор г-динот пратеник Алириза Лога.

**АЛИРИЗА ЛОГА:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, немав намера да дискутирам, меѓутоа ако е потребно во интерес на ова што Вие го рековте, г-дине претседателе би се повлекол, но за сета оваа дискусија денес, па и на минатата седница, се разбира дека произлезе од еден провокативен вокабулар на господинот Китановски, кој што јас, барем мислам тој во свое име да се извинува пред оваа јавност, пред нас и пред целата македонска јавност за оној збор, што мене ми се чинеше дека беше еден повик на бунт и револуција. Сепак, еден од нивните колеги во име на партијата или на таа пратеничка група, да се дистанцира. И, во таа смисла јас би се повлекол во интерес на времето и на она што вие го образложивте. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Алириза Лога.

Збор има господинот пратеник Наќе Стојановски.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Секој има право да си бира друштво, како што мисли дека му одговара и како што мисли дека добро ќе се чувствува во тоа друштво и дека ќе валоризира одредени свои мислења и однесувања во рамките на тоа друштво. Во конкретниов случај, мандаторот на Владата при приликата за предлагање на заменици министри на ресорните области, во согласност со принципите на коалицијата и нивните валоризации на поединци и своите програмски определби, одбрал друштво и тоа друштво согласно Деловникот за работа, Уставот и Деловникот за работа, ни го презентира на нас овде јавно во Парламентот. Дотука нема ништо спорно, ниту понатаму има спорно, но спорноста е во тоа што ние овде треба да се изјасниме за тоа друштво. Инаку, можеби немаше ни да дојдеме ва ред да разговараме по тоа прашање, ако не постои обврска дека ние треба да се изјасниме по тоа прашање, согласно Уставот и другите акти како што налага редот.

Е, сега веќе тука е проблемот кога треба ние да се изјасниме, затоа што сите сме живи луѓе и размислуваме и треба да ја донесеме таа одлука денес, веројатно да дадеме поддршка или да не дадеме. Јас лично во таа смисла се јавив за збор и сакам да кажам неколку мисли, кои сметам дека ме доведуваат во несоодветна позиција и со чудење, на пример, кога се работи за конкретниот господин, за кој јас не знам, ни името го имам пред мене, за мене не е важна ниту националната, ниту верската определба, ниту мислам дека за некој друг е важна таа работа. Веќе денеска после 10 години од демократскиот развој овде во Република Македонија, иако многумина сакаат на тие релации овде да ја поместат темата и евентуално да ги заменат тезите и евентуално да изнесат одреден политички профит. Од дискусиите слушнавме, инаку во биографијата тоа го нема дека човекот бил осудуван за одредено кривично дело и слушнавме дека се работи за кривично дело од безбедноста на Република Македонија и за тоа кривично дело издржал кривична казна ефективна затвор, а не слушнавме дека точно за кое кривично дело се работи и не слушнавме до овој момент колку за тоа конкретно кривично дело за тој господин, што јас се извинувам уште еднаш што го немам името и презимето, за предложениот господин за заменик министер во Министерството за внатрешни работи, траат правните последици од осудата. Ние пратениците треба да го имаме тој факт овде пред нас кога одлучуваме. Во биографските податоци го нема тоа. Го нема дека човекот за тој временски период, две или четири години, незнам колку биле, лежел во затвор. А, зошто да го нема во биографијата тоа? Веројатно, предлагачот го имал тоа предвид кога го предлагал. Затоа, го предлага и за такво место горе. Смета дека човекот е доволно едуциран, затоа што практично, како што слушнавме од излагањето овде, работел на такви дејанија, иако нелегално сметала државата во тоа време дека е тоа нелегални активности и дека се казниви, но дека практично солидно изработил, збирал оружје во Република Македонија, подготвувал списоци, регрутирал, правел вооружени, пара вооружени формации, ги познава мрежите на тие луѓе во Република Македонија, ги познава локациите и од аспект на тоа дека е добро подобен да ја врши функцијата на заменик министер за внатрешни работи, многу повеќе од некој што нема врска со таа област, да кажеме. Мислам дека не е смешно и сметам дека луѓето и во практиката се едуцираат, а практиката е многу важна за едукацијата за вршење на одредени работи. И, не случајно, луѓето прашуваат, бараат да изберат солиден професионален кадар, ќе те праша што си работел до сега. И, тоа е вред. Мисли дека предлагачот со еден таков искусен кадар дека солидно ќе си ја обавува

функцијата во Министерството за внатрешни работи и дури да ви кажам би требало сега да се чуваат тие евентуално некои луѓе што биле блиски со него, што порано работеле илегално, сега треба да се чуваат, затоа што тој треба легално да ја штити државата. Ако им останале навиките за илегално работење, треба веќе да бегаат од него.

Мислам дека тоа е рационален резон на предлагачот и не знам што опозицијата се буни тука, околу тоа прашање. Тој мисли дека добро ќе си ја работи работата со него и дека тие ќе си го поддржат. А, опозицијата овде може да има забелешки да се гласа против тоа, иако сметам ако нема таква поддршка меѓу граѓаните, за таков профил на човек, тогаш и опозицијата ќе профитира на некој начин. Но, видете, опозицијата тука излегува со тезата дека ние сме загрижени дека на тој начин се загрозуваат државните интереси на Република Македонија. Сметаат дека за тоа лице, сеуште казната не дејствувала воспитно и сеуште не е превоспитан да работи во смисла на чесен и да биде лојален граѓанин на Република Македонија. И поготово, да ја работи професионално, лојално таква истакната функција во такво и осетливо Министерство во Република Македонија во Владата. Јас тука до некаде се согласувам со опозицијата, со оглед на тоа што немаме релевантно факти, дали протекло и времето за бришење на правните последици од пресудата што нему му е изречена и што постои во казнената евиденција.

Дозволете, ако е поминато тоа време за тоа изречено кривично дело, тогаш тој човек ќе се смета не осудуван и никој нема право, дури ни за политички потреби, ниту во овој Парламент онаков каков што е, да му набедува на човекот дека е осудуван за некое кривично дело, зашто така кажува Законот. Вели дека "за секој оној за кој поминале правните последици од пресудата и бришани се во казнената евиденција, таквото лице се смета за неосудувано". И секое префрлање на база дека бил третиран од органите на гонење, претставува дури и кривично дело за некого ако му префрлате дека направил кривично дело. Е, ние го немаме тој факт за овој човек денес кога разговараме овде.

Господине претседателе на Собранието, вие сте должни пред нас пратениците тоа да го обезбедите, да побарате од предлагачот да го обезбеди тој факт. Дали за дотичниот човек се води сеуште казнена евиденција дека е осудуван за кривичното дело кое го направил. Ако добиеме елемент дека не е осудуван, не треба ние воопшто ни да расправаме по тоа прашање. Нашата верба во тоа ќе биде дека човекот целосно општествено се рехабилитирал, дека не постојат ни минимум елементи за сомнеж дека ќе ја врши таа осетлива функција за која се предлага, со сомнеж и на начин што тоа би се одразило на безбедноста на граѓаните во Република Македонија.

Јас, господине претседателе, инсистирам, пред да се изјасниме за листата, за жал, видете, дополнително сомнение внесува и тоа дека овде во овој Парламент се прејудицира да се гласа комплет за листата. Значи, однапред се смета дека на некој човек може нешто да му фали од составот на листата, на некои лица, па ајде во пакет и сувото и суровото. Тоа создава сомнеж кај луѓето, кај пратениците што треба да дигнат рака за, против или да бидат воздржани. Јас да ви кажам, ни многу пратеници од позицијата не убедени дека на таков начин треба тоа да се направи, вртат сомнително по ходниците и по бифињата кога разговараме, но молчат, бидејќи мора тоа да го голтнат. Во спротивно, нема да помине предлогот, па ќе биде лоша работа, лошото ќе биде за сите, како држава ќе биде лошо. Од таму, господине претседателе, јас предлагам да се обезбеди тој факт за конкретното лице овде и да ни се презентира нам пратениците да можеме да видиме дали навистина и државата, иако останува неспорен фактот и понатаму предлагачот да си стои зад предлогот.

Дозволете, предлагачот исто така може да стои зад предлогот и во случај кога би траеле и понатаму правните последици на една таква пресуда, ако ги примени механизмите во смисла на она што некои пратеници овде зборуваа во овој Парламент. Дека таа дупка не е дупка да простите, што била направена, дека тоа кривично дело не е кривично дело и дека од политички причини е суден човекот, па да ги примени претходно инструментите на правната држава во Република Македонија, тука е Јавниот обвинител на Република Македонија, нека го аболицира човекот, нека го амнестира претходно дека не направил тој беља. Постои таков институт кај нас, како што за некои луѓе од нашата историја беше направено после 50 години, да речеме. А, зошто да не се направи после пет месеци за овој човек, ако дефакто постои таква вистинска ситуација и ако има расположение кај надлежните органи тоа да го направат и имаат факти за тоа. Зошто тоа прашање да го прекршуваат бесправно

пратениците на нивната совест во овој Парламент, кога постои институт, институции за тоа прашање во Република Македонија. И, слободно со бел образ, со чист образ што се вели, човекот да се предложи овде и да ја врши таа функција.

Постои уште едно прашање кое се надоврзува на ваквата состојба, ако ја прекршиме денес во Парламентот, која ќе направи дополнителна тежина во практиката и во практичното негово дејствување. Општо е познато на сите нас овде во Парламентот, да речеме или на оние што се интересираат повеќе за тоа дека во своето работење тој господин на функцијата заменик министер во Министерството за внатрешни работи, една од главните работи што треба да ја исполнува својата работа и да ја обавува функцијата, ќе му биде да врши селекција на кадар за вршење на одредени работи во Министерството за внатрешни работи во цела Република Македонија. И, по тој основ треба да спроведува правилници во Министерството за внатрешни работи, каде што одредени лица што ќе бидат заинтересирани за одредени работни места, од милиционери, курири, не знам до главни функции во Републиката, ги селектира точно по овој основ и да му рече дека вие немате право да ја вршите таа функција, покрај тоа што ги исполнувате сите услови, затоа што сте во казнена евиденција во Република Македонија по овој и по овој основ и да ги одбива. Што сме направиле од хиерархијата на вредностите во државата, ако дојдеме во таква ситуација. Што сме направиле од почитување на државните норми, институции и т.н., ерозијата до каде ќе стигне. А, инаку, да ви кажам штом после и оваа пауза од три, четири дена по ова прашање, за мене лично, тврдо се опстојува на предметот, веројатно се работи за некој солиден кадар и од партијата што ја предлага. Значи, немаат адекватна замена, подобра од него. Слободно бирајте го, господо, но должни сте да го направите пред да го бирате она што налагаат прописите во Република Македонија. Дајте човекот, прво, рехабилитирајте го и направете го не осудуван и ослободете го од тој товар. Ако постои, јас не знам велам еве и никој не знае оти некој манипулира овде, дека сеуште трајат правните последици за осудата што тој ја имал за тој дел за кој што бил осудуван. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Наќе Стојановски, кој упати прашања до мене. Две прашања беа упатени до мене. Едното од господинот Ѓорѓи Спасов, дали предложениот заменик министер за надворешни работи е војник на отслужување на воениот рок или не е, тоа за мене за прв пат е прашање, кое што го поставува, така беше и ова прашање во врска со тоа дали господинот заменик министер за внатрешни работи е осудуван или не е осудуван.

По првото прашање навистина, не можам да дадам никаков одговор.

По второто прашање мене ми се чини, ние како да водиме малку задоцнета расправа. Ние г. Рефет Елмази го избравме пред 15 месеци за заменик министер за одбрана. И тогаш не го поставувавме тоа прашање. Тоа не не ослободува, ако сме дошле некои сознанија подоцна, да ги отвориме. Но веќе еднаш, сме се произнеле и сме го избрале господинот за многу значајна функција.

Според тоа, ако важеле истите принципи тогаш, при тој избор, незнам зошто не би важеле истите принципи и сега. Ништо не е помалку значајно, Министерството за одбрана од МВР. Но добро, имате право и од после да дојдете до одредени сознанија. Тука е конечно, предлагачот, ќе каже зошто, и како.

Понатаму, јас не сакам да го коментирам тоа. А за вториот пат, навистина, мислам за ова што г. Ѓорѓи Спасов го кажа, навистина, немам претстава дали дотичниот господин навистина е на отслужување на воениот рок или не е. За тоа повторно ќе побараме да се изјаснат предлагачите.

Затоа, верувам дека предлагачот ќе го образложи својот предлог, пред да гласаме и дека ќе одговори на овие поставени прашања. Не сакам да навлегувам во било какви шпекулации, од вашата расправа, зошто останал предлогот, дали имале друг предлог и т.н. Тоа е сепак, предлог на премиерот, односно претседателот на Владата на РМ и треба во тој сегмент да го почитуваме.

Господинот Наќе Стојановски се јавува повторно за реплика.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Бидејќи одговаравте, мене не ми одговоривте на прашањето за Комисијата, тоа се мои ставови, а тоа е ваше право. Јас конкретно прашував, дали имате сознанија вие како претседател, дали за човекот сеуште траат последиците од пресудата, или не траат. Тоа е битно за мене.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Такви согледувања немам.

Г. Замир Дика се јавува за реплика.

**ЗАМИР ДИКА:**

Господине претседателе, почитувани колеги, улогата на пратеникот некогаш е и да зборува, саркастично, има такви моменти, но мислам дека не е коректно, сакаат да се напаѓа една личност, која нема право во моментот да се брани.

Господинот што зборуваше пред малку, се постави во улога на претседател на државата, во врска со државниот интерес, бранејќи ги таквите работи, се постави во улога на министер, знае, кога тој ќе биде министер, на каков начин ќе се однесува и т.н., па во улога на пратеник, па потоа во улога на судија, знаејќи го Кривичниот закон, казненото право, воспитното право, па потоа донесе еден закон за критериумите, кои не постојат во РМ, па потоа се јави како морален критичар, за тоа кој Албанци се подобни, кои не се подобни за вршење на една функција, при тоа споменувајќи дека не се попречува со ова ни една законска процедура во правната држава. Исто така, се отвораат политички процеси, знаејќи дека правните процеси се во тек, а тоа е корупцијата и таквите работи, кои ги тангираат обичните граѓани.

Значи, се оди на отворање на политички процес, а не на правен процес, па потоа не ја критикува работата на заменикот министер, кој година дена беше министер во Министерството за одбрана и ни една негова постапка како професионалец, како работник, не се атакува, туку по една и пол година задоцнување, се приоѓа кон оваа работа, а тоа ме наведува дека во сегашниов момент треба да се отвори проблемот со етникумите и сега треба да атакуваме иако е доцна.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам за учеството во репликата на г. Замир Дика.

За збор се јави г. Наќе Стојановски.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Мене ми е жал што колегата изнесе некои работи и ги припиша на мое конто.

Самиот знае дека ако е збунет од мојата фактографија, јас немам повеќе коментар.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

За збор се јави, овде го имаме последниот дискутант г. Насер Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, се пријавив за дискусија по повод точката именување заменици министри во Владата на РМ, не поттикнат од покренувањето на едно прашање, сегментарно од страна на СДСМ, туку од мотивите и причините што денеска расправаме за едно, според мене, многу важна точка и од тука, не ги прифаќам забелешките и сугестиите ни на претседателот на Собранието, ни на останатите дискутанти, преку ова прашање да поминеме туку така и дека наводно, многу поважни работи.

Според мене, не помалку е важна и оваа точка и ова прашање. Со должно внимание сакам да се осврнам на точката која е на дневен ред, а секој пратеник има право, согласно своите убедувања и програмски определби, кои ги брани во ова Собрание, да се посвети повеќе или помалку за некое конкретно прашање.

Јас искрено да ви кажам, сум изненаден, а да не речам и разочаран од дискусијата и начинот и содржината на дискусијата на СДСМ, односно пратениците на оваа партија, од причина што лично мислам дека не смее СДСМ, впрочем и ни една друга партија, расправата по однос на именување на заменици министри во Владата на РМ, да го покренува и да ја сведе до крај, само врз основа на едно конкретно решение и целата забелешка, по однос на точката на дневен ред, да се сведува на тоа.

Јас лично очекував дека расправата, по однос на точката на дневен ред, ќе биде многу посериозна и тука ќе се надоврзуваат прашања, кои се битни, од интерес за граѓаните на РМ. Тука, во прв план од економска гледна точка, социјалната положба и другите прашања, кои сметам дека се и те како врзани за екипата што премиерот ни ја нуди, како гарант дека ќе ја спроведува изборната платформа на Владата на РМ. Во никој случај ова Собрание не смее целата расправа да ја сведе, но едно конкретно решение е сврзано за едно конкретно прашање, како што е изборот или предлогот да се избере, односно именува дотичната личност во МВР.

Лично сметам дека напротив, ДПА направи добар чекор, со чинот што го предложи дотичниот господин, не само сега во конкретниот ресор, туку и претходно во Министерството за одбрана, зашто со тој чин, всушност се симнуваат хипотеките на одделни граѓани во РМ, кои од разни

причини беа доведени во ситуација, дури и да одговараат пред надлежните судски инстанци, па и да подлегнуваат на одредени мерки, односно казни со затвор. Но наша став и тогаш и сега беше и останува, дека тоа беше една политичка конструкција, која не беше докажана до крај, согласно правната регулатива во РМ.

Од тие причини, таа афера, со полно право го доби епитетот афера, што значи, нема заеднички точки со вистината. И да беше само тоа мотивот, јас да ви кажам, дека напротив ќе гласам, поготово, доколку беше поединечно гласањето за составот на листата на заменици министри во Владата на РМ.

Друго е прашањето, од политичка гледна точка, дали премиерот и тој што е носител на извршната власт, добро ги проценил сите политички импликации и рефлексии врз положбата на Владата, негова лична и партијата што тој ја води. Тоа се прашања на политички опортунитет, кој сметам дека водат грижа, тие што ги склучуваат ваквите договори и јас не сакам воопшто на тоа да се осврнам, ниту мислам дека на таа доблест, да бидам загрижен во тој дел и од тој аспект.

Но, јас имам причина и тоа дебела причина, да не го поддржам, ниту дотичниот господин, ниту списокот на членови на заменици министри и кога е дотичниот конкретно во прашање, од многу поинакви мотиви и причини.

Најпрво, зошто дотичниот господин си дозволи, како заменик министер за одбрана, да се впушти во изборната кампања во општина Желино и во придружба на органите на редот, лични телохранители и службени возила, да ги прекројува резултатите од гласањето, дури и да ги поништува гласачките ливчиња во неколку избирачки места во општина Желино, како што е и прашањето многу загрижувачко на кое ДПА досега се повикува, наводно зошто СДСМ нема забелешки за неговата досегашна улога и вршењето функција во Министерството за одбрана, тука, напротив имам забелешка, од причина што, дотичниот господин можел да влијае за поинаква клима во АРМ и досегашните инциденти од тепачка, па до завршување со убиства на војници, таа клима да не биде ваква, каква што е. Начинот на дистрибуирање и примање на храната кај војниците, да не се промени, туку да останеше таква каква што беше, во времето кога друга Влада беше на власт, а не вака како што е сега. Кадрите од албанската националност не бидат дискредитирани и разрешувани од функција, како што е сега. Имаме случаи во целата хиерархија на АРМ, да немаме ниту еден команден кадар од редовите на Албанците. Ситуацијата во овој ресор да не биде таква каква што е, во сите останати димензии. Од тие причини, јас токму овие забелешки ги изнесувам и сум крајно незадоволен.

Од тука, нема некоја гаранција, дека во другиот ресор, каде што преминува, дека ќе имаме поинаква ситуација. Но, тоа е само мал сегмент, на севкупните состојби во општеството, за кои јас очекував содржинска расправа, од причина што, замениците министри, согласно Законот за Влада, односно Законот за органите на управата, се должни да ја спроведуваат политиката и програмата на Владата. И тие, во отсуство на членовите на Владата, т.е. министрите, тие се полноважни за сите прашања да одлучуваат и да постапуваат.

Од тука, кога се бира овој состав, неминовно ние треба да се осврнеме и на другите прашања, кои моментно се присутни во нашето општество. И тоа, што е со состојбата околу реформите во РМ. Денес нема релевантна институција меѓународна, која не ни обрнува внимание дека имаме тотален застој на реформите. Дури, овие денови, го читав интервјуто на министерот за финансии дека претставниците на ММФ и Светската банка, апсолутно не и веруваат на оваа Влада. И покрај минувањето на година и пол, Владата не успеа да склучи еден аранжман со Светската банка и ММФ.

Второ, каква е состојбата во стопанството. Какви се тековните економски движења, што е со невработеноста, која денеска е најголема во Европа. Јас се согласувам дека таа беше многу висока, меѓу повисоките во претходниот мандат, но таа сега поприма уште позагрижувачка димензија.

Што е со странските инвестиции и толку наведените оптимистички најави, дека тоа ќе се случи и дека тоа ќе биде еден бунт во РМ.

Што е со приватизацијата, дали и понатаму ќе продолжи овој тренд, па да добиваме забелешки од страна на Европската унија, дека треба да престанеме со нашиот чин на приватизација и да спроведеме вистинска и многу други прашања кои беа ветени како проект и кои влеваа надеж дека оваа Влада ќе биде поуспешна и дека конечно ќе и се стави крај на севкупната криза во РМ.

Што е со проектот Тајван и милјарда долари. Што е со најголемата странска инвестиција "Окта", што е со проектот десет илјади социјални станови, што е проектот вработување десет илјади социјални случаи и низа други прашања кои сметам дека премиерот и Владата треба да одговорат, кога се бира Влада или кога се именуваат заменици министри. А ветувањата беа сосема поинакви. Бесплатно здравство, поголеми пензии, намалувањето на не вработувањето, намалувањето на давачките, даноците, поевтина струја, намалување на бензинот. А што се случува? Сосема обратното.

Дали може тогаш да се поддржи ваквиот предлог на премиерот и неговата платформа, за дејствување на Владата во иднина. Во секој случај, не.

Но, јас навистина, сум загрижен, кога треба да се посветиме на вакви прашања, ние наоѓаме една забелешка, за едно конкретно прашање и целата расправа се сведува на докажување на поголеми или помали патриоти, односно расправата да се сведува на полето на меѓунационалните односи. И како во практиката, некое непишано правило, секогаш, тој што е во опозиција е поголем патриот, а тој што е на власт, ги издава интересите на својот народ и обратно. Еден пратеник, мој колега, рече дека Албанците си знаат што прават и оваа расправа што ние Македонците ја водиме, всушност, е само на штета на интересите на Македонскиот народ.

Јас ќе го изнесам сосема спротивното мислење. Мислам дека напротив, ролјата многу добро ја играат и ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ, кога е во прашање некој конкретен проект, за унапредување на положбата на Албанците. Но, разликата е само во тоа, што тие што денес се на власт, применуваат многу по радикални методи и низ улица сакаат да ги спречат таквите проекти, но сегашната опозиција, тоа го прави на поинаков начин. Но, на крајот, сепак резултатот е ист. Нема промени на Уставот, нема легализација на тетовскиот Универзитет, нема деловник за работа на Собранието, со што ќе се легализира употребата на албанскиот јазик, нема проекти со кои ќе се подобри положбата на Албанците.

Од тука, треба добро да се помислат пратениците Албанци, кога ги потврдуваат тезите на власта, во наводници, релаксација на меѓунационалните односи во РМ, од причина што со тоа ние го губиме и последниот адут, пред релевантните меѓународни фактори, да ја добиеме поддршката за промена на ваквата ситуација, која датира од многу порано, не е сегашна. Таа е перманентно актуелна, за положбата на Албанците во РМ, се до моментот додека не се променат односите, односно се додека не се промени уставно - правната положба на Албанците во РМ и согласно тоа, да се изградат односи, поинакви од овие што ги имаме. Напротив, сега слушаме и лично претседателот на Републиката, тврди дека нема да има уставни промени, дека тетовскиот Универзитет треба да се реши во рамките на некои стандарди и она што го предлага господинот Штул, дека треба да се создаде, коридор за евентуално нов бран на бегалци и сето тоа, со ништо не се разликува, од она што беше концепт на господинот Киро Глигоров. А за господинот Глигоров, ДПА тврдеше, дека е по ригиден од господинот Милошевиќ. И дека положбата на Албанците во Македонија е полоша од положбата на Албанците на Косово.

Па сега, јас ги прашувам господата, дали всушност, Албанците гласаа за господинот Милошевиќ, поддржувајќи го господинот Трајковски. Се надевам дека ова е само нивна измама, не промислен потег и дека конечно ние ќе останеме како Албанци да по дискутираме, каква ќе биде нашата иднина во оваа Република и дали ќе продолжи ваквиот тренд на натегање и докажување за помали или поголеми Албанци, само како празна реторика и од другата страна, натпревар меѓу СДСМ и ВМРО на овој терен.

Бидете убедени дека ниту едните, ниту другите, нема да се докажат во овој натпревар, од причина што сите тие, кои се осмелија да играат на оваа карта, завршија неславно, а неколку од нив, дури и пред Хашкиот трибунал.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Зибери.

За збор се јави господинот Љупчо Анушев, а потоа господинот Бранко Црвенковски.

**ЉУПЧО АНУШЕВ:**

Немав намера да дискутирам, меѓутоа, секогаш во овој Парламент ме провоцираат дискусии на колеги кои извртуваат одредени изјави на наши министри. Кога велам наши министри мислам на министрите на Владата на Република Македонија.

Министерот за финансии изјави дека досегашната работа на сите влади во Република Македонија, направила така

Меѓународниот монетарен фонд и Светската банка да немаат доверба, а оваа Влада треба таа доверба да ја поврати. Тоа е јасно кажано и сега не би требало пред народот да се кажуваат други изјави за да се добиваат сопствени поени и не е фер секогаш кога се дискутира за други работи да се провлекуваат проектите Тајван и другите проекти на Владата, затоа што за тоа треба време. Секој паметен човек знае дека за да се оствари тоа потребно е време. Не може да се стави, како што вели народот, прачка и да се направи веднаш вино. Треба да се направат проекти, треба да се изгради и треба да се влезе во нив.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Љупчо Анушев.

За збор се јави господинот пратеник Бранко Црвенковски.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Господине претседателе, почитувани пратеници, во духот на атмосферата која вие ја сугериравте, а тоа е да се обидеме да бидеме што поконцизни и да ја привршуваме оваа точка, ќе се обидам да бидам што е можно пократок и ќе се задржам само на три моменти.

Првиот момент е она што е денес на дневен ред, а тоа е избор на заменици министри во Владата на Република Македонија и едноставно тоа беше точката и за тоа требаше да се разговара на оваа седница.

Вториот момент е темата меѓу етнички односи, која не беше на дневен ред, меѓутоа, ќе си дозволам според мојата проценка да кажам дека најголем дел од дискутантите кои учествуваа во оваа расправа всушност говореа за меѓуетничките односи во Република Македонија генерално.

Третиот момент е нешто што не е на дневен ред, ниту може да биде на дневен ред, а тоа се ставовите, потезите и активностите на една политичка партија, СДСМ. Воопшто не може ни да дојде на дневен ред во Собранието, меѓутоа, исто така еден голем дел од дискутантите кои учествуваа во расправата покажаа голема оптовареност кога дискутираа кои се тие наши ставови, кои се конгресните документи, што говориме на трибините што ги организираме на средбите со граѓаните, кои се ставовите на одделни членови на таа партија и т.н.

Да одам по ред, да тргнам од она што е денес на дневен ред - Избор на заменици министри во Владата на Република Македонија. Имаме предлагач, имаме точка, имаме листа на кандидати. Нај легитимно е и тоа не е само наше право, јас мислам како пратеници е наша обврска да го искажеме нашето мислење, да ги искажеме нашите ставови и на Предлог листата во целина и на поодделни кандидати кои се наоѓаат на таа листа.

Од наша страна, уште на претходното заседание на Парламентот, беше посочено дека имаме информации дека еден од кандидатите, во случајот кандидатот за заменик министер за внатрешни работи е кривично осудуван. Дали сме ги имале тие информации кога е биран за заменик министер во министерството за одбрана е сосема дискутабилно. Можеме вака да го поставиме прашањето: зошто уште тогаш предлагачот и партијата што стои зад него таа информација не ја дале и не ја напишале во неговата биографија. Можеби тогаш ќе сме го отвориле тоа прашање. Тоа не се случи тогаш, гледаме и сега во биографијата на кандидатите и во случајот на биографијата на овој кандидат, таков податок не постои.

Од дискусијата што се водеше заклучивме дека не е спорно дека соодветнава личност била кривично осудувана и дека низ сите судски инстанци тој процес е завршен, дури дека е одлежана затворска казна. Тоа не е спорно. Она што потоа почна да се оспорува низ дискусиите е дека се работи за политички мотивирана афера наречена паравојска. Меѓу другото, беше речено, ако се работело за некаква политички мотивирана афера, измислица или монтиран процес, повторно во оваа држава има институции, има пат како тоа да се рехабилитира како појава и како се рехабилитираат личностите кои биле засегнати. За жал, податоците не се такви. Во таа измислена политичка афера наречена паравојска, меѓу другото, беа запленети, откриени, одземени стотици калашникови, беа откриени и одземени сандаци со експлозиви, списоци за воени групации и т.н. Тоа не е афера, тоа е случај со материјални докази, кој што беше судски процесиран и судски апсолвиран.

Знаете ли што е афера? Афера е кога ќе откриете на пример штаб на ОВК во Лојане без присутни луѓе, тоа е афера. Афера е кога ќе запрете трактор полн со оружје, а на полицијата ќе и побегне возачот на тракторот. Афера е кога ќе откриете подземни складови со експлозив и со оружје, да речеме во Струшко, меѓутоа, не се открива во чија бавча и во чија нива се наоѓаат тие складишта со оружје и нема

никакви кривични постапки. Тоа е афера. Афера е кога на пример се украдат 12 илјади избирачки легитимации, по сопствено признание на Министерството за внатрешни работи, од луѓе вработени во подрачното Министерство за правда во Гостивар и Тетово, поминуваат повеќе од 3 месеци, нема обвинување и нема откривање кој го направил тоа. Тоа е афера.

Тоа е прашање што треба да си го поставиме дали навистина институциите на оваа држава, во случајот Министерството за внатрешни работи и Републичкото обвинителство е до таа мерка не способно вакви случаи да не може да ги разоткрива, да не може да ги испроцесуира, онака како што налага Уставот и законот, да излезе со кривични обвиненија и да се добие судска завршница. Тоа е афера за која мислам дека треба да се разговара, ако веќе се разговара во Парламентот.

Никој од редовите на СДСМ, ниту јас во овој момент имаме забелешка зошто во Владата на Република Македонија или во структурата на заменици министри има предложено Албанци, ниту поставивме забелешка зошто во Министерството за внатрешни работи е предложен Албанец за заменик министер. Впрочем, и во сите претходни влади Албанци, до душе од други политички партии предложени, учествуваа во министерствата на високи функции, како министри, заменици министри, потсекретари во Владата на Република Македонија.

Меѓутоа, ние излеговме со конкретна аргументација, дали конкретната личност, не Албанците во Македонија, не дали албанскиот етникум во Македонија треба да учествува и т.н., туку дали конкретната личност со оглед на тоа што го има направено претходно, треба да го заземе местото заменик министер за внатрешни работи.

Тоа е што се однесува до првиот дел и жалам што целокупната преокупација на оваа расправа се сфрте во таа насока, бидејќи сигурно има многу други забелешки и за другите кандидати, меѓутоа, така тргна седницата и очигледно така ќе ја привршуваме.

Што се однесува до онаа тема што преовладуваше, а не се наоѓа на дневен ред, а тоа се меѓуетничките односи во Македонија, ако Владата смета дека е потребно таква тема да се отвори во Собранието на Република Македонија, дури можеби, ако веруваат во своите оценки дека навистина денес на меѓуетнички план односите се релаксирани и никогаш подобри, можеби намерно треба да излезе со еден предлог, со една информација да поразговараме во Собранието на Република Македонија за состојбите во сферата на меѓуетничките односи.

Ние како пратеничка група тоа ќе го поддржиме и бидете убедени, ние немаме никаков комплекс да разговараме на таа тема и во однос на нашиот минат труд, кога сме биле партија на власт, и во однос на овој период кога сме партија во опозиција. Шест години бевме прогласувани за предавници на Македонскиот народ, бевме прогласувани како власт што прави отстапки спрема Албанците, се соочувавме со пароли за шиптарско - комунистичка власт и т.н., се соочувавме со радикализми, протести, штрајкови со глад, со труења на ученици средношколци Албанци, мотивирани и организирани токму од оние што денес се на власт. Ние немаме никаков комплекс да се отвори таа тема и во однос на тие шест години и во однос на овие 15-16 месеци, кога оваа коалиција е одговорна за состојбите во државата во целина и на планот на меѓуетничките односи. Дури, еве и ние да поттикнуваме навистина да организираме расправа по тој повод.

Инаку, само да ви кажам една работа, бидете убедени дека меѓу граѓаните на теренот, меѓу луѓето односите се далеку од релаксирани. Ако сте вие убедени дека општо е такво расположението меѓу народот, меѓу Македонците, Албанците, Турците, Ромите, Власите, Србите, дајте испоентирајте, направете ја расправата, нека се обзнани дека на овој план во оваа сфера навистина работите се не само релаксирани, квалитетно поправени. Дајте да испоентираме и внатре во државата, да испоентираме и пред цела меѓународна заедница. Меѓутоа, мислам дека точно знаете дека тоа не е така и не верувам дека ќе организирате таква расправа во ова Собрание.

Што се однесува до третиот момент на кој што сакав да се задржам, навистина на некој начин ми годи таа оптовареност од вкупниот пратенички состав овде и фиксираност, кои се потезите на СДСМ, што говориме на трибините, што заклучуваме на конгресите, кои се нашите изјави во јавноста. Па дури и оние новинари што велат дека за се лошо што се случува во други политички партии - расколи, расцепи, струи, нови партии во појата и т.н., всушност СДСМ е иницијатор, организатор и т.н. Меѓутоа, вие точно знаете дека тоа не е така. Ако во оваа држава единствениот проблем за успешно функционирање на оваа власт е СДСМ, а се друго е потаман,

задоволни се граѓаните, задоволни се луѓето, задоволен е народот, се реализираат вашите предизборни програми, го уверувате овој народ дека навистина работите одат во добра насока, ги остваривте ветувањата за нови вработувања, нови фабрики, за странски инвестиции, за повисоки плати и пензии, ако ги остваривте сите оние ветувања врз основа на кои добивте мандат да владеете и единствено измислува и конструира некакви контра аргументи опозиционата партија СДСМ, вие немате проблем, одлично владеете, народот ве поддржува, ве сака, популарноста ви расте, нема причина да бидете оптоварени со СДСМ.

За жал господа, Вие имате многу поголем проблем отколку што е СДСМ. Вие дојдовте во директен расчекор со сето она што го ветувавте пред изборите. Денес спроведувате сосема спротивна политика. Денес во овие 15-16 месеци владеење на оваа коалициона влада, Македонија не само што не ги поправи перформансите или условите на економски план, туку напротив, одиме кон една економска пустош, социјално осиромашување, зголемување на невработените за преку 100 илјади само во една година, се врши распродажба на се што значи национално богатство, ама распродажба без пари, пари во државата не влегуваат, ниту во државата, ниту за граѓаните на оваа држава. Вие знаете дека резултатот на вашата позитивна енергија со соседите и фијаско. Вие знаете дека она за што пред малку говорев, вашата политика на релаксирани меѓуетнички односи, всушност, во целиот овој период ги подигна тензиите и ги гетоизира луѓето меѓу себе, почнаа да се хомогенизираат, Албанците на една страна Македонците на друга страна. Кога ќе кажете дека за тие работи опозицијата носи вина, тогаш можам да ви кажам дека во секоја држава, а и во Македонија не може да биде поинаку, нај одговорна за состојбите во државата, за процесите што се одвиваат е власта, не може некој друг да биде.

Според тоа, ако се состојбите такви во овој момент, тогаш е сосема јасно чија е одговорноста за тоа што Македонија е доведена во една таква ситуација. Она што јас ниту лично како пратеник, ниту како шеф на парламентарната опозиција, нема да прифатам е да се востанови една практика дека, тогаш кога некој ќе говори за албанските национални интереси во Република Македонија, денес имавме прилика да слушнеме дискусии: ние Албанците во Република Македонија, албанската програма во Македонија, албанските интереси во Македонија и т.н., кога некој така говори дека е тоа демократија, а дека кога некој ќе говори за македонските национални интереси е национализам или шовинизам. Тоа не може да се прифати. Таа практика не можеме да ја востановиме, легитимно е Албанците кои живеат во Македонија да вообличуваат свои програмски определби и да се борат за нивното остварување. Легитимно е и Македонскиот народ да вообличува свои национални интереси, свои витални национални интереси, за кои ќе се бори во подолг период да ги оствари и јас апсолутно не мислам дека мора да се судираат меѓу себе. Напротив, мислам дека можат да бидат комплементарни и всушност тука е клучот, дали ќе го најдеме пресекот на заедничките интереси, а заедничките интереси се врзани со заедничката држава Република Македонија. Се додека сите заедно ја гледаме својата иднина, иднината на своите семејства, на своите деца овде во Македонија, мислам дека основниот предуслов за успешно водење на оваа држава, стабилизирање и решавање на проблемите во било која сфера се исполнети.

На крајот завршувам со следното. Не заради господинот кандидат заменик министер за внатрешни работи, иако и заради тоа, меѓутоа и заради многу поголеми причини, заради основната причина дека оваа власт дефинитивно го изгуби легитимитетот на народот да владее, оваа власт се потпира само на мнозинството во овој Парламент, а надвор од овој Парламент само на репресивните механизми на власта и на ништо друго, тоа е главната причина зошто ние како пратеничка група, како СДСМ ќе гласаме против листата на кандидати за заменици министри во Владата на Република Македонија.

Тоа е поголема причина, тоа е причина што опфаќа се, и она што го говореше господинот Зибери и други дискутанти, вкупната состојба во државата е таква што, оваа власт нема легитимитет да го заврши мандатот, а камо ли да предлага до екипирање или листи на заменици министри кои би продолжиле да функционираат.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на господинот Бранко Црвенковски за учество во расправата.

Дали господинот Ѓорѓи Котевски сака да зборува? (Да).

Дали господинот Илија Прангоски сака да земе учество во расправата? (Да).

Да, во расправата учествува прво господинот Прангоски, а потоа господинот Котевски.

**ИЛИЈА ПРАНГОСКИ:**

Господине претседателе, колеги пратеници, сакам да се приклучам кон претходната дискусија на господинот Љупчо Анушев и да се обратам до пратениците.

Често пати од оваа говорница по сосема различни поводи и на сосема различни теми и дискусии вешто се користи моментот да се пласираат одредени заблуди во јавноста и да се изнегираат, на некој начин, одреден потези од сегашната актуелна власт. Конкретно, проектот Тајван беше многу спомнуван последната година, фала богу последниве неколку месеци помалку се споменува од опозицијата. Беше усталена практика секој говор да почнува и да завршува со тоа дека, проектот Тајван ќе пропадне или треба да пропадне.

Сакам да кажам дека допрва доаѓаат плодовите од реализацијата на Тајванскиот проект и сакам да кажам дека и покрај тоа што не можам да сфатам, зошто некому тоа толку би му пречело и само како идеја тој проект многу значи за овој народ и она што го направи добар тој проект ќе го покаже натаму иднината. Но идејата и желбата на граѓаните на Македонија да се тргне од една мртва точка, во која бевме пред неколку време, е таа која го проектира и овозможи да се проектира тој проект.

Би замолил, во иднина, да не се критикуваат така работи кои се во фаза на реализација и не се завршени.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Илија Прангоски за учество во расправата.

Има збор господинот Ѓорѓи Котевски.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа, почитуван премиер, се радувам што поранешниот премиер на поранешната Влада си замина, тоа е негов вообичаен стил, кога ќе биде густо да бега од Парламентот. Всушност јас го познавам неговиот манир на однесување и неговиот стил на работа и во поранешната Влада, а и сега како опозиција. Го видов во две светла.

Прво, на оваа говорница не може да држи лекции за национализам или за националистички односи на одредени луѓе во Македонија и во одредени влади, затоа што ние од него како премиер два мандати не можевме да се спасиме како ВМРО-ДПМНЕ. Ние од нашата партија од Социјал демократскиот сојуз и од тој премиер, тогашен премиер во сите институции надвор во светот бевме оцрнувани како терористи, како екстремисти, националисти и т.н. Но, во суштина тие беа главните националисти, екстремисти и егзекутори. Само за да ви докажам пред цела јавност какви беа тие што владееја, а ние тој метод не го употребуваме, доволен пример сум јас, жив пример. И еднаш сакам да ви кажам во очи, требаше овде да седи наспроти мене, да му кажам какви налози даваше во Битола за да го линчува Котевски, да му се запали колата, колата беше целосно изгорена. Овде го поставивме тоа прашање и ден денес не е откриено. Со посебен налог даваше на одредени пратеници од првиот Парламент, кои му се спротивставуваа на неговите концесии да бидат тужени, канувани во Битола. Исто така, даваше налог во мандатот кога ВМРО-ДПМНЕ не учествуваше во парламентарната власт воопшто, туку како вон парламентарна опозиција даваше налог ниеден од нас не смее да се вработи по било која основа. Јас сум живиот пример четири години што отседнав дома и пишував книги за работата на Бранко Црвенковски, поранешниот премиер какви методи употребуваше и во судството и во полицијата и во приватизацијата и т.н. Јас не можам кај овие луѓе да се начудам навистина да ви кажам, каков ли морал има, каков лик и какво поведение. Тие се што го донесоа Законот за приватизација. Ние во првиот Парламент гласавме против и бевме против еден таков закон за приватизација, не популарен, несоодветен на економските, односи во Република Македонија, на опкружувањето и на економската моќ на државата. Ние имавме сосема друг модел за приватизација. Не е битно, тие имаа мнозинство, го донесоа тој Закон и направија пустош во Македонија. И сега г-динот Црвенковски ни кажува, оваа Влада донела пустош. Каков пустош? Ние наследивме пустош тие што го направија. Што приватизираа? Да не набројувам само во Битола што приватизираа и колку фирми имаат во нивна сопственост сега. Членови на Социјал демократскиот сојуз најголемите моќници во Битола се од СДСМ и за жал до ден денес влакно не им фали од главата. Таква приватизација не знам кој би ја прифатил. Исто така, ние бевме строги критизери на Законот за приватизација за да не се донесе од причина што Законот за денационализација не е донесен во

Република Македонија, бидејќи ако не се решат имотно правните односи во државата во целост, ние не можеме да донесеме закон за приватизација. И ние затоа сега имаме една ваква каша, една небулоза. Ние вршиме приватизација на фирмите, а одредени фабрики се направени на туѓи имоти. Направена е експропријација без надоместок, со насилство одземени ливади, шуми, пасишта, индустриски делови прогласени во Битола од каде што цел град се хранеше од најубавите бавчи и т.н., тоа е сето одземено од луѓето, од земјоделците и направени се одредени фабрики, а сега членови од СДСМ се нивни сопственици. И како ќе ми кажува сега дека ние го донесовме хаосот за една година владеење во Република Македонија.

Исто така, за жал да ви кажам, тие три тези секогаш не исфрлаа во јавноста: ВМРО-ДПМНЕ ќе не однесе во Бугарија, после ја фрлија тезата ВМРО- ДПМНЕ ќе не продаде на Грција. Сега кога направивме коалиција со најдобрите партнери во оваа коалициона власт ДПА и најумерените, сега нашите интереси ги продаваме на Албанците и т.н., на голема Албанија и на големо албански апетити. Јас потполно не можам да ги разберам какви се овие нивни ставови. Вие навистина ако сте мажи, вистински мажи, македонски мажи, бидејќи сега сеете македонски патриотизам, родољубие и т.н., вие треба да останете на еден принцип и тој принцип треба да важи, тука е искрајноста, тука е политичката опција, тука е крајната цел на една одредена политичка партија со која победува или губи. Навистина вас не можам да ве сфатам. Вие сте се, некоја чудесна модификација или мутација што нема крај. Ниту овие сега во Америка најдобрите фирми што создаваат нови сорти и клонирање, не може да ве препознае, тешки хибриди. Навистина не можам да ве разберам.

Исто така, вие во секој случај од 1990 година играте на картата само на подривање на меѓуетничките односи во Република Македонија. Од 1990 година тоа го правите тенденциозно и намерно и само на таа карта сакате да добиете било каков поен.

Прво, не окривувавте дека сме против југословенската народна армија. Овде се колнеше Бранко Црвенковски и од оваа говорница му кажуваше на сегашниот премиер Љубчо Георгиевски: секогаш ќе те опоменувам ако зборуваш за Југославија и против ЈНА. Ви пропадна Југославија, возот ви замина. Мислевте дека во рамките на Југославија само среќата може да се побара. Видовте дека тоа не е така. Не убедувавте дека Македонија не може да има ниеден тенк. Па еве, ако влеземе во НАТО ќе имаме многу повеќе тенкови заеднички, она што е структура на европскиот одбранбен систем. Не убедувавте дека Македонија не може да има своја валута. Има, еве дал господ, добра, убава, парична македонска единица, денар и тоа по името Ден е крстена, од Ден, денар. Можеби имаме малку пари во државата, ама јас сум горд што имаме наша македонска пара, иако не се вика статер. Бевте против македонска информативна агенција и ние уште тогаш велевме дека ќе се вика МИА. И денес се вика МИА. За жал, не беше ваша опција. Не беше ваша опција ниту НАТО Пактот. Сите адути ви ги извлековме од рацете досега што постојат. Сега ви останува уште еден адут, адутот да играте на картата повторно дека овие Албанци кои седат во оваа Влада се нај екстремните и вие ги продадовте интересите на Македонија или она дека цел имот го продадовте на Грците. Па вие ако сте за пазарна економија, во пазарна економија се знае како се работи и делува, барем тие основни поими ви се познати и нема што тука да се противите. Дванаесетте загубари се ваша работа, ваш нерешен проблем за кој сега оваа Влада го решава. Исто така, вие добро знаете дека проблемот со ФЕНИ како еден од најголемите загубари рак рана за оваа држава го создадоа дури и во поранешниот систем, вие го продолживте, но денес го решава, како што кажав порано, кога премиерот Љубчо Георгиевски беше на најмала возраст, немаше поим за ФЕНИ. И што од тоа вие? Барате некој гол патриотизам и ги подгрејувате луѓето на картата дека, еве Македонија до таа линија, до таа зона, до Групчин ќе се продаде и т.н. Нема да се продаде Македонија. Тоа треба да ви биде јасно и гласно? ниту ќе се продаде. Но јас само една концепција и една замисла што ја имам и овде повторно ќе ја кажам и една теза што постојано ја употребувам. Ние мораме во Македонија како политичари да ја исфрлиме тезата на реализам и искреност во политиката. Кај вас го нема ниту едното, ниту другото. Мораме искрено на овој народ да му кажеме каква е состојбата во приватизацијата. Мораме да му кажеме каква е состојбата во обработувањето. Јас ви тврдам дека има поголем број на вработени од претходната Влада. Сега ако земеме релевантни показатели дека вработеноста во РМ е зголемена, не е намалена, како што вие овде исфрлате тези. Затоа велам за сите состојби ние треба да му кажеме на нашиот

човек: состојбата е таква, тргнуваме од овде, кој е со нас, нека повели, сите квалитетни луѓе, сите квалитетни кадри нека дојдат. Но, на вакви евтини трикови да фрлате разни ракавици за предизвик дека Македонија ќе се продаде, дека националните интереси се продадени. И сега знаете како дојде една вештачка замена. Додека ние од 1990 година како национална партија ги афирмиравме националните интереси на државата, самостојноста, независноста и т.н., вие дури по 9 години сега се враќате на тие основи. Тоа е веќе минато. Сега ние имаме Устав. Во тој Устав граѓанинот е во центарот на вниманието, меѓутоа, тоа не значи дека националното умира во ова општество, тоа не значи дека ако влеземе во Европа умира националното, воопшто не умира. Тоа и понатаму останува да живее, но тие луѓе се присутни тука и ние мораме да градиме релевантни односи со нив, мораме да ги вклучуваме во системот, но не по секоја цена и по цена на клуч, туку квалитетни и способни луѓе. Мене не ми пречи разбран човек во било која позиција да разговарам и да се натпреварувам. Меѓутоа, неразбран човек може да те однесе до таму, до провалијата и може да те турне и да пропаднеш, ништо повеќе од тоа. Затоа мојата теза е таа: искреност, реализам и вклучување на се што е можно во Република Македонија како стручен кадар. Тука е излезот. Инаку јас ви укажувам, ниту Бранко ќе ве брани, ниту Спасов ќе ве спаси со ваква политика што ја водите во Македонија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

За збор се јави г-ца пратеник Радмила Шеќеринска.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, бидејќи е очигледно дека се работело и се работи за важна точка, мислам дека многу логично е што расправата ќе продолжи, не само заради тоа што се изнесоа тези кои што дури не можат да се наречат тези, туку и поради самиот факт дека сепак има одредена логика и причина зошто ваква точка на дневен ред е напред во дневниот ред, бидејќи изборот на заменици на министри во Владата на РМ е нешто што ќе ни одредува утре какви точки на дневен ред ќе добиваме, какви закони, Предлог закони ќе разгледуваме и т.н. Инаку јас ја разбирам и нестрпливоста на претседателот да преминеме на другите, кои што секако се важни, имаме неколку крупни законски проекти кои што Владата ги предлага, меѓутоа мислам дека тоа покажува по малку несериозност во нашата работа, заради тоа што како по правило ни се случува да имаме од една страна точки со горе, доле технички прашања, а од друга страна да имаме седници како оваа денеска која што има 28 или можеби и над 30 точки на дневен ред и во целиот тој дневен ред да бидат вклучени неколку крупни прашања, кои што очигледно ќе предизвикаат многу дискусии, многу анализи и многу спротивставени мислења.

Не знам дали причината се состои во тоа што Владата чувствува дека почувствителните точки подобро е заедно да поминат и ако можат да предизвикаат помалку дискусија или во нешто друго, како на пример не ефикасност на Владата или можеби не ефикасност на Собранието, меѓутоа тоа е прашање кое што ќе го водиме на друго место и во друго време.

Не бев сигурна кога седницата почнуваше минатата недела дали таа ќе биде водена во продуктивна насока, особено кога се виде дека отсуствува мандаторот, особено кога се виде дека многу работи се поставуваат, а многу малку одговори се добиваат и искрено бев скептична и за ова продолжување на седница.

Меѓутоа денеска морам да кажам дека од аспект на пратеник во Собранието на РМ и особено од аспект на пратеник кој што доаѓа од страна на СДСМ, сум задоволна што сепак многу прашања кои што не беа на дневен ред се отворија заради тоа што ако ништо друго, ни понудија шанса директно да одговориме. Имено, многу е лесно, многу е ефикасно, многу е безболно доколку етикетите се даваат на партиските телевизии и партиските весници и тогаш нормално никој не е таму за да одговори на таквите етикети. Меѓутоа, кога овие се повторуваат и во Собранието, кога овие се повторуваат од страна на пратеници со име и презиме од одредени политички партии, тогаш ќе дозволите право да одговориме на овие наречени етикети и да ви одговориме, ако ништо друго со само едно прашање, а тоа е, ве молам, претставете барем по некој аргумент. Најпрвин би сакала да кажам зошто дискусијата која што се водеше за предлогот заменик министер за внатрешни работи г-динот Рефет Елмази, нема никаква врска со таканаречените меѓуетнички прашања, меѓуетнички фактор и т.н., притоа замолувајќи ве да не по исто ветуваме идеолошки одредници, како што спомена некој пратеник со организирање и собирање на оружје, организирање на одреди, како и

да се воздржиме од ако ништо друго не скромните споредби на дотичниот господин со г-динот Хавел. Мислам дека многу јасно неколку пратеници од опозицијата ги поставија проблематичните прашања, на кои што за жал не добивме одговор и покрај толку дискусии од страна на парламентарното мнозинство, а кои што покажуваат зошто ова претставува едно од лошите кадровски решенија на премиерот. Имено, самите состојби во одбраната, кои што ја брануваат македонската јавност уште од воспоставувањето на новата Влада, покажуваат дека таму нешто не оди добро. Претпоставувам, очигледно е, логично е, доколку најголемиот дел од вината ја носи министерот за одбрана и не случајно е што пратеничката група на СДСМ достави до Собранието интерпелација за дотичниот господин.

Меѓутоа, факт е дека јавноста го познава г-динот Елмази за време на споменатата бегалска криза, заради хаосот кој што беше евидентен во сите прес конференции, во сите заеднички средби во рамките на Министерството за одбрана, во рамките на меѓу министерските средби кои што беа пренесувани и на медиумите и кои што покажаа дека всушност Владата, вклучително тука и министерот и заменикот министер немаат заеднички концепт по ова, како и по многу други прашања.

Јас ќе поставам уште едно прашање, кое што се однесува на г-динот Елмази, кое што мислам дека не беше споменато, ќе ми извините доколку тоа било сторено, а тоа е нешто што исто како јавност како граѓанин за што бевме информирани од страна на медиумите и тоа пред неколку недели, кога власта и соодветните институции се обидуваа по не знам кој пат да спроведат неуспешно, исто така по кој знае кој пат да спроведат легални, регуларни и законски избори, во овој случај тоа беа локалните избори во општина Желино, каде што се натпреваруваа две албански партии и каде што според изјавите токму на еден од кандидатите и на неговата партија токму во тоа време заменикот министер за одбрана бил оној кој во функција на претставник на власта се појавил околу два, или четири часот попладне придружуван со многу лица кои штоноселе оружје и кој што се погрижил гласањето да се одвива според најдобар ред, според рецептот на Владата, што би значело преведено на наш јазик, да се одвива согласно со желбите и потребите на една од партиите на власт. И тоа го направил успешно, бидејќи како што знаете и овие локални избори, иако со мал обем, завршија неуспешно со тоа што се повлече еден од кандидатите токму поради ваквото отсуство дури и на желба да се спроведат коректни, фер и демократски избори. Токму затоа го поставувам прашањето дали ова беше дополнителниот критериум, кој што го натера мандаторот Георгиевски да го предложи сега г-динот Елмази, на функцијата заменик министер во Министерството за внатрешни работи, кој што има прилика и можност да учествува исто така во реализација и овозможување на текот на сите наредни избори.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:** (Продолжение)

Тоа се прашањата за кои го имаме легитимното право да ги поставуваме.

Меѓутоа, мислам дека никој го нема легитимното право да се обиде сите овие прашања да ги подведе под некои етикети кои што така често ги користиме. Токму поради тоа ќе ми дозволите да се осврнам и на некои други прашања кои се покренаа и за време на оваа расправа, меѓутоа кои што се покренуваат редовно во јавноста од страна, пред се од некои партии, практично сите партии во власта, а кои се со цел да го дискредитираат СДСМ, а ми се чини и сите оние кои поинаку мислат во власта.

Веќе неколку пати беше кажано дека не е точно тврдењето кое што беше изнесувано на оваа говорница дека, СДСМ смета оти Албанците не можат да раководат со министерство во Владата на РМ. Ќе ве потсетам, ако воопшто е потребно потсетување дека тоа беше токму СДСМ кој ја воведе таа пракса, па ќе ве посоветувам сите вас кои што сте биле, а и кои не биле во тој состав на Собранието на РМ, да ги прочитате стенографските белешки од тие седници, па да видите во тоа време што кажуваше сега, таканаречената граѓанска ВМРО-ДПМНЕ и ќе видите дека, ако некој нема за што да се срами, посебно по ова прашање, тоа е само СДСМ кој што напротив, мислам дека ако нешто не може да му се одземе за изминатиот период, тоа е дека за сите тие години беше окарактеризиран со една по долгорочна политика, политика која што водеше кон интегрирање на сите граѓани на РМ, а не нивно двоење во посебни заедници и средини, кои што никогаш нема да контактираат ниту да соработуваат.

Не е точно ни тоа дека СДСМ смета дека Албанците не можат да раководат со чувствителни министерства. Навистина е тешко тоа да се дефинира. Но, точно е дека сметаме дека, точно господинот Рефет Елмази не е вистинската личност тоа да го направи. Инаку, доколку овие две прашања

се поистоветат, тие не ставаат во дилема дали господинот Елмази е единствениот Албанец во оваа држава, кој може да биде предложен за заменик министер во Министерството за внатрешни работи.

Не е точно дека СДСМ, некој овде кажа дека ја сведувал својата програма за коалицирање со други партии, на уцени, наспроти некои кадровски решенија. Меѓутоа, точно е и тоа и е познато на јавноста преку директни изјави дека, сегашниот македонски премиер дозирано ја информираше јавноста за тајните договори за важни закони, кои се важни за Македонија, важни се за нејзините граѓани, а кои наводно ја овозможиле коалицијата пред парламентарните избори во 1998 година, во Македонија.

Точно е и тоа дека националниот или националистичкиот, подобро речено, пристап е оној кој што вели, Албанците си ги бираат албанските претставници, албанските министри. Ќе ми го дозволите тоа право да сметам дека сите министри кои што денес се министри во Владата на РМ се подеднакво мои, без разлика дали се Албанци или се Македонци, исто како што, ако сте искрени дека не е во ред да се делат пратениците по тој основ, дека тоа не може и не ви го дава правото и вие да го правите, било за пратеници, било за министри.

Денес се потегнаа и некои други прашања кои апсолутно немаат врска со дневниот ред, меѓутоа, за кои што мислам дека не е во ред да ги оставиме недопрени и да не ги коментираме.

Беше споменато дека, наводно, СДСМ од почетокот до денес е против НАТО. Тоа е веќе толку пати повторувано што станува досадно дури и да се одговори на тоа наводно обвинување. Јас ќе ве замолам, немојте само да ги читате стенографските белешки од минатиот состав на Собранието, немојте само дури ни да ги читате одлуките на Владата на СДСМ, кои што го направија влезот на РМ во овие Евро - атлантски интеграции. Меѓутоа, во исто време обидете се да ги прочитате и соопштенијата за јавноста, кои што сте ги испраќале како претставници на одредени партии или во името на партијата, во име на пратеничка група или било каде. Доколку тоа не сакате или не можете да го направите, ќе не принудите нас како пратеници во опозиција на секоја седница на Собранието, покрај тоа што ја носиме вашата програма, на која што треба од време на време да ве потсетуваме, ги носиме и примероците од тие соопштенија, во кои вие директно се спротивставувате на било каква инволвираност на Република Македонија во проекти и програми токму на НАТО, во кои што сметате дека тоа е издавање на националните интереси. Да не зборувам за проектите кои што доаѓаа од вашите совети на интелектуалци, кои што велеа дека единствен спас за Македонија е националната војска и т.н.

Втора работа, која можам да ја кажам, тоа е дека, навистина мислам дека е не сериозно од пратеник кој доаѓа од парламентарното мнозинство, мнозинство кое што ни овозможува влез и информации од сите релевантни институции во оваа држава, да зборува дека не постојат релевантни показатели за невработеноста или пак истите да ги релативизира, со тоа што наводно ќе каже дека постојат некои други показатели. Или постојат, или не постојат. Или доаѓаат од страна на официјални институции, или тие официјални институции не дејствуваат.

Можеме да изминеме голем дел од овој мандат, надмудрувајќи се кој и има вистинските податоци, кој е во право, кој е повеќе за НАТО, кој е помалку за НАТО, кој е повеќе за граѓански концепт на Македонија, кој помалку. Меѓутоа, како што е лесно да се лепат овие етикети, во еден период кога беа кон СДСМ, етикети за предавници на македонските национални интереси, сега гледам тие се сменети во етикети за анти албанско расположение. Значи колку е лесно овие етикети да се лепат, толку е тешко, по се изгледа тие да се аргументираат, бидејќи ако не беше тоа така, ќе слушневме некаков аргумент, без да пуштиме сите овие работи да летаат во воздух. При тоа, ќе се согласам со предлогот што претходно беше даден. Ако мислите дека имате аргументи, ако мислите дека имате реална програма и реални мерки, дајте да отвориме расправа. Да отвориме расправа, која партија за што се залага. Која партија нуди концепт, а која не нуди. Која партија има концепт, а која го сведува концептот на меѓупартиски договор и тоа таен меѓупартиски договор. Меѓутоа, јас би сакала да укажам, барем мое скромно мислење е дека нема да излезете од тоа победници.

На крајот би сакала да кажам дека, за жал, сета оваа расправа се сведе на дискусија, воглавном на едно предложено кадровско решение, кое што можеби по малку бодеше очи, па заради тоа сите не испровоцира да ги сконцентрираме дискусиите кон тоа прашање. Меѓутоа, мислам дека оваа точка на дневен ред е многу поширока и многу позначајна и дека е

првата работа што треба да ја извршиме како анализа, ние пратеници во Републичкото Собрание, пред да гласаме за или против оваа листа, треба да го видиме следниот податок. Тоа е дека од 21 предложени заменици министри, дури 16 се оние истите кои претходно биле заменици министри во некој ресор и дека практично интервенции се направени само во пет министерства. Има неколку случаи каде што има ротација, меѓутоа тоа е истиот кадровски состав.

Ако констатираме, а многу од нас тоа го констатираат по различни точки, голем дел од јавноста тоа го констатира во различни пригоди дека Владата води лоша политика, дека Владата лошо работи во целиот изминат период, тоа значи дека и овие заменици министри носат барем дел од таа одговорност, дел лична, дел заедничка, како членови на Влада.

Меѓутоа, заради таа одговорност денес и тој дел би требало да го дискутираме. Примери има многу. Јас не сакам, многу работи беа споменати, ги спомнуваме често во дискусиите, еве мислам дека јас тоа нема да го направам. Ќе кажам само две работи, кои во моментот ми паднаа на ум, кога ја разгледував заменичката листа. Тоа е дека во Министерството за информации е предложен истиот министер, а тоа е она Министерство за информации, кое што се труди да не убеди дека реалноста всушност не постои, односно тој закон кој што некако, сите го имаат, Законот за јавно информирање, или незнам веќе кој наслов го измислија, всушност не постои, или не е предложен од ова Министерство. Или, ако веќе мора да признаат дека Министерството сепак го подготвило, дека јавноста не ја има вистинската верзија и т.н., одат тие ситуации, ситни објаснувања и подметнувања до бескрај. Значи тука немаме промена, немаме промена ни во ред други министерства.

Во делот на Министерството за труд и социјала, каде што состојбата е онаква каква што е, што би се рекло многу различна од тоа што го посакувале да е. Дел од таа ситуација е објаснива и доколку ја видите биографијата на повторно предложениот заменик министер за труд и социјала, кој што нема ама баш никакво искуство, ниту со едната ниту со другата сфера, ако тие можат да се издвојат и единствен начин на кој што ја пополнил својата биографија, ги ставил своите угостителски искуства, за кои ќе се согласите дека не се баш поврзани со ресорот кој го раководел во својство на заменик министер или треба да го раководи.

Сосема на крај би сакала да кажам дека основниот проблем кој и денес се провлекува во нашите расправи е што пратениците на парламентарното мнозинство мислат дека една и пол година е исто што и вчера, па ќе кажат до вчера СДСМ беше на власт. Се извинувам што ви соопштувам непријатна вистина, ама веќе изминаа година и половина речиси од вашето владеење и "вчера" веќе не е термин кој што можете да го користите. Па ако е точно дека оваа Влада дека поаѓала или пошла или тргнала од бездната, ќе ви кажам дека година и пол е исто така доволно време за да се оддалечи од бездната.

Меѓутоа, она во што може јавноста да се увери, она во што ние можеме да се увериме како пратеници, иако од опозицијата е дека Владата можеби тргнала од работ на бездната, меѓутоа во погрешна насока. Наместо да се оддалечува, таа сега се трансформирала во објект кој слободно паѓа и кој што се движи удолу, долж бездната. Заради тоа би ве молела, доколку дискутираме за актуелни работи, а денешната точка на дневен ред е актуелна работа, и доколку претседателот избира да ги коментира сите дискусии од опозицијата кои што, наводно се оддалечуваат од темата, тоа да го прави секој пат кога ќе излезе пратеник од парламентарното мнозинство и ќе дискутира за конгреси на СДСМ, ќе дискутира за ситуација во 1990, па потоа во 1992, па во 1994 и т.н., меѓутоа, со ни еден збор нема да го спомне она што денеска го дискутираме. Доколку вие тоа не го правите, јас можам само да ви порачам дека, реакцијата од оваа страна ќе биде сосема логична, сосема очекувана, сосема нормална и многу, многу потребна на ова Собрание. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

И благодарам на госпоѓицата Радмила Шеќеринска за учеството во расправата.

Јас повеќе на екранот не гледам дека има пријавено пратеници.

Според тоа, дозволете ми да го заклучам претресот по оваа точка од дневниот ред, со едно задоволство што навистина при разгледувањето на листата на замениците на министри, ние посветивме исто толку време, ако не и повеќе, како кога ја разгледувавме и листата за членови на Владата.

Но, исто така, не можам да се ослободам од еден систем кој се повеќе ми личи на еден вид на јаловост и опструкција, а тоа е, си поставуваме теза и после по таа теза постојано трчаме и настојуваме секогаш на другиот да му префрлиме дека тој води грижа за целата националност, за целиот народ и т.н., за да после тоа констатираме дека, ако ги прашате граѓаните ќе видите колку слаба е оваа Влада и т.н. Значи, ако нешто не задоволи тоа е секако ироничниот тон на господинот Наќе Стојановски, на кој што во исти стил би можел да му одговорам. Се додека имаме опозиција, која што е толку загрижена, па дури би рекол и констатирана за чекорите на оваа власт, оваа Влада е на добар пат, ми се чини да ги спроведе своите реформи и мислам дека треба во тој дух да се продолжи и понатаму.

Ги молам сите пратеници кои се надвор од салата да влезат во салата, за да можеме да го извршиме гласањето.

Господинот Наќе Стојановски сака да се изјасни како ќе гласа.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Не господине претседателе, јас како ќе гласам, ќе видите од како ќе го стегнам копчето.

Колку што ме служат ушите, јас слушнав дека вие го спомнавте моето име и презиме.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Да, го спомнав во позитивна смисла, го спомнав вашето име.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Добро, штом е во позитивна смисла, иако е од вас, Ви благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро. Гледам дека пратениците влегоа во салата.

Дами и господа пратеници, го заклучувам претресот по Предлогот за именување заменици на министри во Владата на Република Македонија.

Го ставам Предлогот на гласање.

Ве молам да пристапиме кон гласање.

66 пратеници гласаа за, 1 е воздржан и 24 се против.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Врз основа на резултатите од гласањето констатирам дека:

Кадри Кадриу, е именуван за заменик на министерот, кој раководи со Министерството за одбрана;

Рефет Елмази, е именуван за заменик на министерот, кој раководи со Министерството за внатрешни работи;

Зоран Стојанкиќ, е именуван за заменик на министерот, кој раководи со Министерството за правда;

М-р Никола Димитров, е именуван за заменик на министерот, кој раководи со Министерството за надворешни работи;

Јордан Марковски, е именуван за заменик на министерот, кој раководи со Министерството за финансии;

Ламбе Арнаудов, е именуван за заменик на министерот, кој раководи со Министерството за стопанство;

Татјана Перовиќ - Митрова, е именуван за заменик на министерот, кој раководи со Министерството за трговија;

Миливој Колевски, е именуван за заменик на министерот, кој раководи со Министерството за развој;

Силвија Томовска, е именуван за заменик на министерот, кој раководи со Министерството за урбанизам и градежништво;

Марјан Додовски, е именуван за заменик на министерот, кој раководи со Министерството за животна средина;

М-р Реџеп Хасани, е именуван за заменик на министерот, кој раководи со Министерството за сообраќај и врски;

Јордан Дамчески, е именуван за заменик на министерот, кој раководи со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство;

Ристо Ѓорѓиев, е именуван за заменик на министерот, кој раководи со Министерството за труд и социјална политика;

Д-р Фејзула Шабани, е именуван за заменик на министерот, кој раководи со Министерството за образование;

Шабан Сеидиу, е именуван за заменик на министерот, кој раководи со Министерството за млади и спорт;

Д-р Томислав Џеков, е именуван за заменик на министерот, кој раководи со Министерството за наука;

М-р Мухарем Неџипи, е именуван за заменик на министерот, кој раководи со Министерството за здравство;

Благоја Чоревски, е именуван за заменик на министерот, кој раководи со Министерството за култура;

Петар Трајкоски, е именуван за заменик на министерот, кој раководи со Министерството за локална самоуправа;

Соња Димитровска, е именуван за заменик на министерот, кој раководи со Министерството за иселеништво;

Драги Арсов, е именуван за заменик на министерот, кој раководи со Министерството за информации;

Констатирам дека на досегашните заменици на министри, кои не се повторно именувани им престанува функцијата.

Дозволете ми во мое и во Ваше име да им го честитам именувањето на замениците на министрите и да им посакам успешна работа.

Истовремено, дозволете ми да им се заблагодарам на досегашните заменици на министри за нивната досегашна работа и да им посакам успех во понатамошната работа.

Дами и господа пратеници, денеска ќе ја прекинеме работата на оваа седница.

Дозволете ми, пред да ја прекинам седницата, да го закажам продолжението за во вторник во 11,00 часот.

На пратениците и на граѓаните од исламската вероисповед, да им го честитам празникот Курбан Бајрам со најубави честитки.

(Седницата заврши во 15,50 часот).